УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО СОЦИЈАЛНА РАБОТА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# ВОСПИТНИТЕ СТИЛОВИ НА РОДИТЕЛИТЕ И ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА КАЈ СТУДЕНТИТЕ ОД ПОМАГАТЕЛНИТЕ НАСОКИ

МЕНТОР: КАНДИДАТ:

ПРОФ. Д-Р. СОФИЈА ГЕОРГИЕВСКА АЈСУ ЈАХЈА

СКОПЈЕ, 2020

ВОВЕД ..... 4
2.ВАЖНОСТА НА СЕМЕЈНАТА АТМОСФЕРА ..... 5
2.1 Функционално семејство и развојот на децата ..... 7
2.1.1 Семејство како јадро на психички здраво дете ..... 8
2.2 Дисфункционални семејства и развојот на децата ..... 9
2.2.1 Негативните ефекти врз децата на дисфункционалните семејства ..... 11
3. Влијанието на комуникацијата и односите во семејството врз децата ..... 12
3.1 Односите во семејството и воспитанието на децата ..... 13
3.2 Улогата на комуникација во развојот на децата ..... 14
3.3 Поврзаноста на нарушувањето во однесувањето на децата и семејството ..... 16
4.Улогата на родителите во развојот на децата ..... 18
4.1 Психосоцијален развој на детето ..... 20
4.2 Теорија на афективна врзаност ..... 23
4.2.1 Дефинирање на поимот атачмент ..... 24
4.2.2 Стилови на атачмент ..... 25
4.3 Теорија на родителско прифаќање и отфрлање (ПАРТ) ..... 27
4.3.1 Последици на родителското отфрлање ..... 29
5.Стилови на родителство ..... 32
5.1 Димензии на родителското однесување ..... 33
5.2.1 Казнување ..... 41
5.3 Ефективно родителство ..... 43
6. РЕЗУЛТАТИ ОД ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА ..... 47
7. ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 55
**8. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ** ..... 59
8.1 Научна цел на истражувањето ..... 59
8.2 Практична цел на истражувањето ..... 60
**9. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ..... 60
9.1 Теоретско определување на предметот на истражување ..... 60
9.1.1 Дефинирање на клучни поими ..... 60
9.1.2 Формулација на општата хипотеза ..... 61
9.2 Варијабли на истажувањето ..... 64
9.2.1 Операционализација на клучните поими ..... 64
**10. МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ..... 65

10.1 Пристап – истражувачка стратегија ........................................................................ 65
10.2 Инструменти ........................................................................................................ 66
10.3 Обработка и анализа на податоците добиени со истражувањето ................................ 67
**11. ИСПИТАНИЦИ** ........................................................................................................ 68
12. РЕЗУЛТАТИ ................................................................................................................ 70
13. ДИСКУСИЈА................................................................................................................ 77
14. РЕЗИМЕ...................................................................................................................... 82
Користена литература.................................................................................................... 84

# ВОВЕД

Секој дом е универзитет, и секој родител е професор.
- Махатма Ганди

Семејството претставува примарна општествена група која има незаменливо значење за формирањето и развојот на личноста на човекот. Тоа е „фундаментален извор на човековиот идентитет, афективна поврзаност и интеракција, основен систем на кој човекот припаѓа и кој ја обезбедува човечката добросостојба“. Семејството е првата социјална средина во која детето го отпочнува својот живот, својот развој. Тоа е основната општествена клетка, клучен фактор за развојот на една индивидуа, за иден општествен развој. Тоа е првата средина, најважната примарна група во која детето се воспитува, ги стекнува првите навики, (културни, хигиенски,) ги учи моралните норми и вредности, кои во иднина ќе бидат негова водилка во неговиот морален и вредносен дискурс, се социјализира, се воспитува, едуцира. Може да се каже дека семејството претставува прва „врсничка група“ на детето во која се создаваат верувања што понатаму го диктираат курсот на другите социјални интеракции. Тие го определуваат нивото на развојот на капацитетот на детето за ефективна интеракција со светот. Една од значајните улоги на семејството е да го подготви потомството за живот во општествената заедница. Тоа подразбира пренесување на одредени модели на однесување, кои се условени од културата и, како такви, се неопходни за интеграција на детето во општеството. Во семејството родителите се првите модели за идентификација и имитација, „ѕвезди водилки“, „првите учители“. Тие се лицата преку кои се врши трансферот на искуството не еден народ (културното и општествено-историско); лицата кои влијаат на емоционалното формирање на личноста, на нејзината емотивна и афективна стабилност; тие се лицата кои се ги воведуваат младите личности во светот околу нив, ги мотивираат, поттикнуваат за нови и нови сознанија,.; тие се оние кои ги воведуваат во интеракциските односи со членовите на поширокото семејство, пошироката заедница, врсниците, упатуваат на правила и начини на однесување, почитување на правила, почитување на различности. Потребата за љубов се јавува уште многу рано во животот на човекот, може да се каже од самото раѓање на детето. Природно е детето таа љубов да ја добива примарно во семејството, од родителите. Родителската љубов, во вид на грижа, топлина, поддршка, е „катализатор“ во развојот

на личноста на детето, особено во формирањето на здрава, среќна и сигурна личност. Родителите ја градат основата на детските позитивни, но и на негативните чувства за себе. Тие имаат влијание врз однесувањето на детето и врз неговиот вредносен систем. Никој не може да ги одбира своите родители. Во настојувањето да ги реализираат овие цели некои родители одбираат воспитни стилови што водат кон оваа цел, но тие може да изберат и непримерни методи или пак целосен однос кон детето што може да има обележје на вистинско занемарување на неговите потреби. Проблемите до кои доаѓа во развојот на личноста на детето може да бидат последица на кумулативните трауми предизвикани од начинот на воспитување (Шурбановска, 2013).

## 2.ВАЖНОСТА НА СЕМЕЈНАТА АТМОСФЕРА

Семејниот живот се состои од многу фактори; некои од нив имаат важна улога во процесот на социјализација. Еден од често проучуваните фактори е односот помеѓу родителите, односно општата атмосфера во семејството. Резултатите на истражувањето покажуваат дека складните односи на родителите, што создаваат позитивна семејна атмосфера , се од исклучително значење за развојот на детето. Честите расправии и конфликтите помеѓу родителите често доведуваат до јавување на конфликти и во самото дете. Децата по правило ги сакаат и двата родитела, се идентификуваат делумно и со едниот и со другиот, и затоа конфликтот меѓу родителите предизвикува конфликт и во самото дете. Во случај каде што постои раздор меѓу родителите детето оценува дека е загрозена неговата потреба за сигурност и љубов, и тоа понекогаш предизвикува реакција во вид на антисоцијално однесување и агресивно однесување.

Земајќи предвид дека за развој на идната личност на детето е најважно чувството на сигурност, односно чувството на детето дека родителите го сакаат и се грижат за него, односите помеѓу родителите, односно општата атмосфера во семејството е поважна отколку одредени облици на однесување на родителот кон детето. Од многу истражувања пронајдени во стручната литература, може да се каже дека децата од семејствата во кои постои меѓусебна доверба, љубов, и другарски односи помеѓу самите родители и помеѓу родителите и децата, ќе израснат во возрасни луѓе со позитивни особини (со чувство на независност, сигурност во себе, урамнотежени, со добри социјални контакти), повеќе отколку децата од семејствата во кои конфликтите се честа појава и во кои нема доволно грижа и љубов за детето. Во истражувањата за општата семејна атмосфера, односно за доминацијата и конфликтите меѓу родителите на нормални и на невротични деца, се покажало дека невротичните момчиња имаат доминантна мајка, а невротичните девојчиња доминантен татко. Но, во секој случај, значајно повеќе непријателска интеракција меѓу родителите има кај невротичните деца од двата пола. Детето е симптом на своите родители, и затоа отстранувањето на тој симптом е можно единствено преку лечење на неговите причини, кои се во родителите (Шурбановска, 2013).

## 2.1 Функционално семејство и развојот на децата

Поимот функционално обично значи „нешто што функционира, опстојува“. Во контекст на семејството, функционално семејство би било она со обрасци на семејно функционирање со кои се реализираат семејните цели: опстојување како заедница, обезбедување егзистенција и решавање на проблеми. Воедно, во последно време се поголемо внимание се посветува и на чувството на благосостојба и поврзаност меѓу членовите на семејството. Milajković (1997: 46) како главни карактеристики на функционалните семејства ги истакнува :

- Јасни и топли комуникации;
- Постојана родителска коалиција, рамноправна распределба на моќта;
- Флексибилна контрола по пат на договор;
- Спонтани интеракции, радост и хумор;
- Иницијатива;
- Почитување на силните личности во семејството

Според Видановиќ (1997) функционални семејства се оние кај кои:

- Генерациските граници се јасни;
- Сите членови на семејството имаат чувство на идентитет и автономија, што овозможува децата еден ден да го напуштат семејството;
- Непосесивна топлина, љубов меѓу родителите, родителите и децата и децата меѓу себе;
- Капацитет за отворена, искрена и јасна комуникација на сите членови;
- Способност да ја надминат секоја криза;

Тоа не се семејства без проблеми, бидејки такви не постојат. Овие семејства со помош на заедништвото се обидуваат сами да ги решат проблемите кога ќе се појават, а доколку во тоа не успеат, ги вклучуваат соодветните институции од вонсемејниот систем и на тој начин ги совладуваат ( Борнарова, 2012).

Семејството е сложен систем и сите членови во него се меѓусебно поврзани на различни начини и зависни еден од друг. Тој систем е во постојано менување поради фактори кои се надвор од системот, но и поради индивидуалните промени на членовите внатре во системот. Системот е функционален онолку колку што тој може да се прилагоди на промените, да изнаоѓа нови и креативни решенија и секој пат одново да се враќа во состојба на рамнотежа.

Ако во животот на родителите се случуваат комплицирани ситуации, како на пример, финансиски потешкотии, чести кавги, се наоѓаат пред развод или штотуку ја загубиле работата, тоа веднаш ќе се одрази на сите членови на семејството, особено на децата. Децата се плашат од непознатото и од неочекуваните промени. Тие тежнеат кон стабилност и имаат потреба од мирна средина каде се чувствуваат безбедно, заштитено и безгрижно.кризни состојби може да се појават во било кое време и во секое семејство. Затоа е потребно да се создадат цврсти, сигурни темели во животот на семејството, кои ќе го поддржуваат детето и во нестабилните периоди.

Тоа можат да бидат определени семејни ритуали, традиции, заеднички активности, како и меѓусебно помагање, почитување, чувство на отвореност, доверба, сочуство, љубов односно грижливи и внимателни меѓучовечки односи. Колку е постабилно детското секојдневие, толку позаштитено и посигурно тоа и ќе се чувствува. Редот и ритуалите се важен предуслов за добра концентрација и дисциплина кај детето.

Секое семејство има свое темпо на функционирање, свои уникатни карактеристики и свои потреби, различни од потребите на секое друго семејство. Но постојат работи кои му се потребни на секое дете, работи кои му даваат смисла на зборот семејство, односно работи кои можат да ги направат родителите со цел да го потпомогнат раниот психолошки развој кај своето дете и да постават цврста основа на која ќе ги темели своите животни искуства (www.promedika.com.mk).

### 2.1.1 Семејство како јадро на психички здраво дете

Психичкото здравје на возрасната личност зависи од наследните особини и условите во кои таа личност се развивала како дете. Ние не можеме директно да влијаеме на генетската структура на децата, но можеме да оформиме една средина, која што позитивно ќе влијае на здравиот развој на детето. Доколку во семејната атмосфера владее меѓусебно разбирање, доверба, љубов помеѓу двајцата родители и помеѓу родителите и децата, многу е голема веројатноста дека тоа дете ќе израсне во личност со позитивни особини, личност која ќе биде урамнотежена, одговорна, самостојна, сигурна во себе, со добри социјални контакти и висок степен на толеранција на фрустрација. Таквите деца обично се слободни, весели и без чуство на пониска вредност.Предуслов за здрава семејна атмосфера е детето да биде сакано. Ако детето не е сакано, уште за време на бременоста емоционалното незадоволство на мајката негативно ќе се одрази на

развојот на детето. Несаканото дете мајката свесно или несвесно го отфрла или пак премногу ќе го штити поради чуството на вина, кое што се јавува кај неа заради неговото отфрлање, а тоа пак негативно се одразува во понатамошниот развој на личноста на детето. Децата кои што ќе почувствуваат дека се непосакувани и отфрлени се немирни, со своето однесување сакаат да привлечат внимание на себе. Децата кои што растеле во деструктивна семејна атмосфера се емоционално нестабилни, тешко се концентрираат и завземаат непријателски или одбрамбен став спрема сите, бидејќи не сакаат нови емоционални повреди.

Прифатените деца се чувствуваат сакано, на тие деца родителите физички и вербално им покажуваат колку ги сакаат, но тоа го прават спонтано. Потребата за сигурност кај детето е многу голема. Уште од самото раѓање детето доживува стравови, кои што нема да може да ги совлада доколку во негова близина не се најде некој во кого ќе има голема доверба. Прв елемент на таа сила е љубовта на мајката. Постои голема разлика помеѓу оние деца, кои што се сигурни во љубовта на родителите и оние кои не се сигурни во тоа. Саканото дете ќе биде повеќе сигурно во себе и неговиот селф-концепт ќе биде поголем во однос на дете кое што не е сигурно и гледа во животот со страв, бидејќи не било сакано(www.tvoebebe.com).

## 2.2 Дисфункционални семејства и развојот на децата

Терминот дисфункционално семејство се однесува и ги опишува семејните обрасци со кои не се исполнуваат задачите, туку доаѓа до појава на симптоми или незадоволство. Најчесто не се работи за дисфункционалност на целото семејство и на сите негови членови, туку на одреден дисфункционален образец кој се одразува на различни делови од семејството како систем. Притоа, треба да се нагласи дека функционалноста на едно ниво, може да биде дисфункционална за некое друго ниво (на пр. одржувањето нестабилен брак меѓу родителите може да се одрази негативно врз децата).Од аспект на комуникациите, карактеристики на дисфункционалните семејства се :

- Неможност да ги интерпретираат проблемите;
- Неможност да ги опишат меѓусебните доживувања;
- Неможност да ги опишат надежите, стравовите, очекувањата;

- Не можат да се ослободат од минатото;
- Не учат од искуството;

На значењето на комуникациите како мерило на функционалноста на семејството укажуваат голем број автори. Овие семејства обично го негираат присуството на проблемот или креираат проблем и таму каде што не постои. Овие семејства исто така, не умеат да ги решаваат проблемите, туку уште повеќе ги продлабочуваат и прошируваат на меѓусебните конфликти со што состојбата уште повеќе се влошува. Членовите на ваквото семејство се незадоволни од себе, од останатите членови во семејството и од семејството како такво. Односите се нарушени, конфликтите се чести, а членовите не се компетентни во остварувањето на семејните улоги (Борнарова, 2012).

Исто така постои и дезорганизирано семејство кој го детерминира односот на родителите кон детето. Во дезорганизирано семејство се врбројуваат : болест на родителите, трајни несогласувања и караници помеѓу родителите, емоционална оттуѓеност на децата од родителите, страв од можноста еден од родителите да го напушти семејството, непожелно дете, алкохолизам кај родителите, отсуство на еден од родителите поради работа на место одалечено од местото на живеење, неспособност на родителите за извршување на родителските должности, голем број на деца во семејството и неможност на семејството да се грижи за нив, тешки метриални услови на семејството, непотполно семејство, душевно болни лица во семејството, криминалци и алкохоличари во семејството, вработеност на двајца родители комбинирано со неадекватна грижа за децата додека тие се на работа и слично (Miloslajević, 1986).

Дисфункционално семејство е оној што има во своето јадро деструктивно и штетно родителство и недостаток на грижа за детето.Штетните ефекти врз детето може да бидат потполно непризнаени или минимизирани. Често, малку или ништо не е направено за да се поправи ситуацијата ниту да се ублажат неговите негативни ефекти врз детето.Ако дистресот предизвикан на детето е тежок и долготраен, тој/таа може да развие психијатриска состојба како што е посттрауматско стресно нарушување (ПТСН), кое, ако не е соодветно третирано, може сериозно да влијае негативно врз остатокот од неговиот/нејзиниот живот.Освен негативните ефекти врз веќе споменатото дете, децата изведени во такви дисфункционални семејства исто така се изложени на ризик да развијат многу други проблеми и тешкотии, вклучувајќи депресија, ниско самопочитување, анксиозност, ирационална самосвесност и самоомраза, алкохол и/или зависност од дрога, оштетена, или дури и уништена, способност да даваат и примаат љубов. Понатаму, детето може да стане бунтовен и да почне да се однесува на анти-

социјални начини на пр. впуштајќи се во тепачки, вандализирање на имотот, препуштајќи се на ситни кражби, вршење подметнување пожари, малтретирање други, напуштање на училиште.Тие, исто така, можат да почнат да се однесуваат самоуништувачки, самоповредување, да развијат доживотни проблеми со меѓучовечки односи, да имаат зголемен ризик од обид за самоубиство, како и помал животен век. Исто така, ако тие сами стануваат родители, тие можат да развијат свои проблеми со родителството, со што ќе го овековечат дисфункционалниот семеен циклус (www.childhoodtraumarecovery.com Hosier, 2015).

### 2.2.1 Негативните ефекти врз децата на дисфункционалните семејства

Додека детето живее во дисфункционално семејство, тие непосредно влијаат врз децата негативно. Некои од нив вклучуваат: (www.betterhelp.com)

- Да се биде социјално изолиран;
- Се повлечени;
- Се чувствува осамено;
- Ниска самодоверба;
- Имаат потешкотии да ги изразат своите мисли и чувства;
- Проблеми со менталното здравје како што се : анксиозност и депресија;

Нездравата семејна атмосфера создава нервозни деца, со слаб успех во училиште, без самодоверба и доверба во другите луѓе. Затоа семејната атмосфера, како што многупати досега се спомена, треба да биде пријатна, ведра, отпуштена, природна за што е потребна љубов помеѓу родителите, меѓусебно почитување и внимание. Еден од условите за да се разбере однесувањето на децата е да се познаваат условите за живот во семејната средина (Камчева, 2011). Децата кои живеат во ваквите семејства се збунети и исплашени, се чувствуваат несигурно и загрозено, многу често се изложени на психичко и физичко насилство од страна на едниот или двајцата родители. Тие се соочуваат со проблеми во градењето на сопствениот идентитет и социјализацијата, со кои не можат сами да се справат и се однесуваат на начин кој е различен и често пати не е прифатлив за средината во која живеат ( Николиќ, 2012).

## 3. Влијанието на комуникацијата и односите во семејството врз децата

Дете кое расте во нарушени односи кои траат подолго време може, во зависност од неговите карактерни особини, да стане агресивно, повлечено, премногучувствително, недружељубиво или непријателски расположено. Многу често можеме да најдеме написи во весници, интернет портали и блогови во кои можеме да прочитаме за различни или слични размислувања за тоа како треба да се воспостават добри односи меѓу родителите и децата се со цел да се унапреди меѓусебната комуникација за доброто на децата. Секако давањето приоритет на директната комуникација со детето е правилна и секако многу важна. Секој родител дава се од себе да му овозможи на своето дете се што му е потребно. Но, според важноста, на исто скалило, за правилен ментален и психички развој на децата би го ставила и квалитетот на меѓусебните односи во семејството. Иако се мали, децата уште во најраната возраст ги препознаваат и чувствуваат недоразбирањата, затегнатите односи меѓу членовите во семејството па дури и во пошироката фамилија.

Релациите на взаемни односи се одвиваат во повеќе насоки со сите членови во семејството. Од тие причини родителите поради големиот број обврски што ги имат некои моменти ги занемаруваат или пак неможат да ги согледаат. Дете кое расте во нарушени односи кои траат подолго време може, во зависност од неговите карактерни особини, да стане агресивно, повлечено, премногу осетливо, недружељубиво или непријателски расположено.

Односите во семејството директно влијаат на формирањето на личноста на детето. Вредностите и навиките кои ќе му бидат пренесени од родителите директно влијаат на неговиот емоционален развој. **Критичкото и навредливо однесување кон детето директно, но и на останатите членови меѓусебно** може да доведе до тешки компликации во детскиот развој како што се стрес, здравствени проблеми и заостанување во учењето и тешкотии во комуникацијата со неговите врсници (www.ringeraja.mk). Процесот на комуникација претставува размена на содржина на пораки помеѓу два или повеќе субјекти. Кога се зборува за комуникација во семејството се мисли на размена на содржински информации помеѓу сите членови во семејството,

посебно помеѓу родителите и децата (Камчева, 2011).

## 3.1 Односите во семејството и воспитанието на децата

Здравите семејни односи им помагаат на сите членови на семејството да се чувствуваат безбедни и да се поврзани еден со друг. Понекогаш семејните односивклучуваат конфликти, што е нормален дел од семејниот живот. Може да се појават конфликти помеѓу возрасните, децата или возрасните и децата. Децата прво учат за односите од нивните семејства. Семејствата им даваат модел од кој почнуваат да се откривааткако да изградат односи во текот на нивниот живот. Децата, исто така, се чувствуваат безбедно кога знаат дека членовите на семејството се сакаат (www.kidsmatter.edu.au). Семејството како заедница на родителите и децата, поради природата на односите и прилично јаките емотивни врски меѓу членовите, а посебно поради големите можности на родителите врз севкупниот развој на личностите на младите, има големо, ако не и пресудно, влијание за нивното образование. Современите толкувања на семејните односи ги категоризираат како специфичен систем на интерперсонална – комуникациска динамика, која се реализира во секојдневните контакти помеѓу членовите во семејството. Квалитетот, пак, на таа интеракција и комуникација зависи од меѓусебното разбирање и почитување. Ова придонесува воспитната клима во семејството да биде конструктивна и позитивна. Семејно-интеракциските односи треба да бидат повеќенасочни, што подразбира учество на сите членови во него. Денес во многу истражувања е согледано дека постои најчесто линеарна комуникација. Претежно станува збор за традиционални семејства, патријархални, каде преовладува строг однос кон децата од страна на родителите. Овие семејства се стремат да ја зачуваат традиционалната стабилност во организирањето на семејниот живот. Децата најчесто учат од примери, па затоа однесувањето, ставовите и вредностите на родителите и други возрасни треба да бидат одмерени и промислени, со сознание дека некој постојано ги набљудува и имитира. Вредностите на почитување, вистина и гордост во семејството се важен извор на односи, посебно ако децата се под некој притисок од страна на врсниците во училиштето или надвор од него Треба да се пофали едно дете ако во некоја агресивна ситуација се справи на мирен начин – конструктивно. Децата со сигурност ги повторуваат позитивно поткрепените

однесувања, доколку за истите бидат наградени со пофалба или внимание. Децата се зависни од родителската поддршка, а без нивно внимание и грижа кај нив не се развива чувство на сигурност. Многу е важно и потребно секој родител да знае во секое време од денот каде се наоѓа неговото дете, со кого е, кои се неговите пријатели. Постојано треба да го охрабрува да учествува во училишни активности, спорт, музика и др. (Камчева, 2011).

## 3.2 Улогата на комуникација во развојот на децата

Успешно воспоставената комуникација помеѓу нив е сигурен предуслов за здрав и позитивен развој на децата во семејството. Добрата комуникација во семејството им дава можност на родителите постојано да имаат контрола над децата при извршувањето на нивните секојдневни обврски и следење на нивното однесување, во различни ситуации.Комуникацијата овозможува меѓусебно разбирање, поддршка, соработка,решавање на проблеми и сл. Родителите треба секогаш да покажуваат интерес за тоа што чувствува детето, како размислува, поткрепено со дијалог и мислење како родителот би постапил или реагирал во одредени ситуации. Многу е важно детето кога ќе се отвори и ќе почне да зборува да знае дека со внимание и интерес се слуша неговиот глас и мислење. Не е важно само за што се разговара, туку како, со која боја и интензитет на гласот, бидејќи сето тоа влијае на успешно примена и пренесена порака. Подготвеноста на родителите секогаш да разговараат со своето дете, да го слушаат, ја гради и развива детската самодоверба, а таа пак е темел на заемна доверба. За да може успешно да се оствари комуникацијата помеѓу родителите и децата, важно е да се имаат предвид некои моменти.

1. Да се одбере вистинско време за разговор – посебно ако се работи за сериозни теми. Родителот треба да процени кога е најповолно време за разговор, на пример не веднаш штом ќе се разбуди или ќе се врати од училиште. Разговорот може да започне спонтано, без страшно најавување, како на пример „треба сериозно да разговараме“ или „имам нешто важно да ти кажам“. Ова може само да го преплаши детето и да не даде никакви позитивни емоционални врски.

2. Место каде ќе се одвива разговорот – децата имаат потреба од интимност, да бидат сами со родителите, без присуство на брат, сестра, баба или други роднини. Не сакат тоа да биде во собата за дневен престој каде се гледа омилен филм, дневник и сл. Најдобро место може да биде неговата детска соба или пак на некоја прошетка во парк. Добро би било кога барем еден ден во седмицата ќе биде „резервиран“ за друштво со децата (само родителот и детето), на сок, на чај, торта, дома или надвор од дома. Тоа би било идеален момент за отворен разговор помеѓу родителот и детето.

3. Мислење на детето – од детето треба секогаш да се побара мислење или став за одредена тема, да раскаже некоја своја случка, како се гледа себе во одредена ситуација. Некои истражувања покажале дека некои разговори можат да бидат дури и превентивни, да го спречат детето да се однесува на некој начин. Важно е кај детето да се развие критички став, смисла за разликување на добро од лошо, развој на индивидуалност за да не подлегне на лоши негативни влијанија од врсници или општествени трендови.

4. Емоции во разговорот – многу е важно како родителот се однесува и реагира додека разговара. Треба да биде смирен, со благ израз на лицето, да дава атмосфера на сигурност, искреност, подготвеност да се прифати мислењето на детето, па макар тоа и да биде погрешно.

5. Физички карактеристики – важен е начинот на држење на телото, контактот со очите, кимнување со главата додека детето зборува, допир, прегратка. Сè треба да зависи од ситуацијата и темата на разговорот. Невербалната комуникација е составен дел на секоја вербална комуникација, па така мора да биде и од комуникацијата родител – дете. Здравата комуникација во семејството е многу важна, бидејќи таа подоцна ќе биде основа за успешно решавање на многу проблеми кои неизбежно ги носи тинејџерскиот период.

Ако нема добра комуникација, детето постепено ќе се оддалечи, ќе ја изгуби надежта дека родителот може да му биде пријател и соговорник, доколку има проблем. Засекогаш ќе ја изгуби довербата во родителите и никогаш нема да дозволи да влезат во неговиот живот. Многу истражувања укажале дека од правилно воспоставената комуникација во семејството и интеракцијата родител – дете зависи дали ќе се создаде пријателски однос или пак непријателски помеѓу родителите и нивните деца, а кој подоцна може да стане ризичен фактор во однесувањето на децата (Камчева, 2011).

## 3.3 Поврзаноста на нарушувањето во однесувањето на децата и семејството

Појавата на нарушено однесување во семејството е многу сложена, па затоа е потребно најпрво да се прашаме кои се причините за тоа однесување, а не кои се последиците за него и зошто некои млади личности имаат потреба или мотив за едно такво однесување. Речиси сите позитивни и негативни страни на социјално однесување, свесни или несвесни, му се препишуваат на односот родител – дете. Преоптоварени со постојана борба за преживување и егзистенција, родителите имаат сѐ помалку време за своите деца. Недостасува комуникација помеѓу родителите и децата, нарушени се семејните односи, а училиштето не ја остварува до крај својата образовна, а посебно воспитна улога. Ова доведува до ситуации да се појават облици на нарушено однесување кај некои деца и млади. Покрај тоа што семејството во развојот на личноста добива научен третман и признание, може да се каже дека апликативната вредност на семејството полека се намалува. Промените опфаќаат повеќе аспекти од семејната заедница, кои директно или индиректно влијаат врз семејното воспитание. Па така, може да се зборува за промени во:

- семејните односи (интеракција и комуникација);
- статусот на членовите во семејството;
- внатрешната организација на живот во семејството;
- ненамерно влијание врз децата (број на деца, број на членови во семејството).

Наведените промени денес во голема мера предизвикуваат деструктивни појави во однесувањето на децата и младите. Главно, тоа биле проблеми поради преангажираност на родителите, трка за егзистенција, отсуство од дома, запоставување на децата, разводи, немажени мајки, преголеми родителски амбиции за децата и сл. Овие промени се деструктивни во однос на квалитетот на семејните односи, а се одразиле и врз развојот на личноста. Антисоцијалното однесување е предизвикано од чувство на незадоволство и празнина. Лицата се афективно и емоционално ладни и неспособни за топли и блиски односи со своите најмили. Постојано живеат во конфликти, им недостасува сериозност, амбициозност, раздразливи се, арогантни и непокорни. Честопати се брутално себични и сурови во спроведување на своите идеи. Кога се зборува за агресивен млад човек, се

мисли на личност која на засилена фрустрација реагира со зголемена раздразливост. Но, во основата на секоја агресивност се крие ранливост, осаменост, чувствителност. Специфичен начин на изразување на агресивноста е пасивната агресија. Овие млади лица најчесто чувствуваат страв од таткото, кој обично исто така е агресивен. Искуствата покажале дека децата со нарушено однесување потекнуваат од семејства каде не е воспоставена интеракциско-комуникациската врска родител – дете и каде има постојани несогласувања помеѓу родителите, развод проследен со трауми, фрустрации и конфликти. Но, изненадувачки е фактот дека агресивно однесување покажувале и деца кои се премногу задоволени со љубов и внимание, на кои сите желби им се остваруваат. Кога овие деца за прв пат во животот ќе се сретнат со препрека при задоволување на некоја потреба, кај нив се појавува реакција на револт и агресивно однесување, зашто се навикнати дека сé е можно. средените семејни односи и љубовта кон децата се многу важен фактор од кој многу зависи психичкиот живот на децата. Многу е важно да бидат поврзани љубовта кон децата, како и обврските и должностите кон него. Во тоа се состои основата за создавање позитивен авторитет на родителите. Кога се зборува за фактори кои можат да предизвикаат нарушено однесување кај децата и младите, потребно е да се знае дека се работи за многубројни и комплексни, меѓусебно испреплетени феномени, кои во стручната литература се класифицираат на различни начини. Најчеста и наједноставна поделба на факторите за нарушено однесување, е поделбата на: внатрешни (субјективно-психолошки) и надворешни (социолошки) фактори. Деца со нарушено однесување е популација на деца и млади кои ги отфрлаат вредностите на една култура и наметнуваат и користат свои вредности преку насилство или агресија. Испитувањата на ваквата популација покажале дека овие деца потекнуваат од семејства со нарушени односи, па така нарушеното однесување на децата всушност е бунт, револт и на некој начин нивна комуникација. Во нивните семејства недостасуваат вистински личност за идентификација, па затоа тие можности ги бараат во други личности надвор од семејството. Дете кое се чувствува отфрлено од своите родители станува луто, навредено, нервозно, полно со страв од други отфрлања. Тоа дете развива одбранбен став на независност или повлекување во себе. Во крајна ситуација таквото дете станува апатично, емотивно нестабилно, лесно подложно на влијанија од други лица. На децата им е потребно постојано присуство и интерес на родителите во нивниот животот. На тој начин кај децата се развива самодоверба и способност за проценување на сопствените способности. Доколку родителот не успее да воспостави позитивен однос со своето дете, тоа може да има тешкотии во воспоставување на емотивна поврзаност со други лица од

средината. Запоставувањето на детето од страна на родителите, додека тоа е уште мало и зависно од нив, ги осиромашува емотивните врски и тие постепено се губат. Доколку запоставувањето не е многу изразено или пак е само од страна на еден родител, детето прима извесна доза на емоционално искуство. Кај овие семејства детето може да има потребна од силно прифаќање од членови на најразлични групи и честопати да влегува во конфликтни ситуации со семејството. Причините за појава на нарушено однесување поради условите во семејството, освен запоставувањето, може да бидат и други. На пример, брачната состојба и односите помеѓу родителите, материјално-станбените услови, бројност на семејството и др. (Камчева, 2011).

## 4.Улогата на родителите во развојот на децата

Родителство или одгледување на детето е процес на промоција и поддршка на физичкиот, емоционалниот, социјалниот и интелектуалниот развој на детето од детството до зрелоста. Проучувањата на родителството и неговата значајна улога во животот и развојот на детето се среќаваат во историјата, од античката филозофија до современите теории што го бележат дваесет и првиот век (Шурбановска, 2013). Мајката е прва личност со која детето воспоставува социјален контакт. Таа освен што се грижи за него, го негува и му ја дава целата своја љубов. Оваа врска е двонасочна, бидејќи и детето безгранично се врзува за својата мајка и ја сака. Тоа произлегува од природната потреба на секој човек да сака и да биде сакан. Детето го прифаќа своето место во семејството, онака како што мајката ќе му го постави. Дури и својот однос кон таткото го гради со посредство на мајката. Каков ќе биде односот на мајката кон таткото, таков ќе биде и односот на детето кон таткото. Се претпоставува дека во првите години од животот на својот развој детето повеќе се поврзува со мајката, а во втората фаза повеќе се поврзува со таткото. Затоа, за правилен развој на децата велиме дека се потребни двајцата родители. Основа на здрави меѓусебни односи во едно семејство е љубовта.Ако постои љубов помеѓу таткото и мајката, ќе бидат сакани и децата (Камчева, 2011).

Начинот на кој мајката се однесува со детето (нејзината утеха) се од незаменлива вредност за детето. Тоа ќе му овозможи чувство на сигурност и <u>самодоверба</u>. Деца се

најсреќни кога нивните мајки се среќни. Ова е заклучок на студија која ги проучувала односите помеѓу паровите и односите помеѓу паровите и нивните деца.Истражувањето покажа дека децата имаат поголема веројатност дека ќе бидат среќни, ако тие знаат дека нивната мајка е среќна. Кога мајките не биле задоволни од нивната врска со партнерот, само 55% од младите изјавиле дека се "целосно среќни" од нивата семејна ситуација, споредено со 73% од децата чии мајки биле задоволни од односот со партнерот. Д-р Марија Јакову, од Институтот за Социјални и Економски истражувања, вели: "Овие наоди покажуваат дека семејните односи и среќата на родителите се клучни за среќата на младите луѓе." Важноста на здравата врска помеѓу таткото и детето е огромна и со ништо не може да се замени. За разлика од минатото кога исклучиво се нагласуваше важноста на развивањето на односот помеѓу мајката и детето, сега се повеќе се обрнува внимание и се испитува комплексноста на улогата на таткото во животот на детето. Резултатите од испитувањата покажуваат дека важноста на таткото е многу поголема од тоа што се мислеше. Татковството е еден комплексен феномен со огромни последици врз емотивниот и интелектуалниот развој на детето. Врската помеѓу детето и таткото има фундаментална важност за правилниот развој на детето.

Оваа врска започнува да се гради уште додека детето е бебе. Играта на таткото со бебето му помага на бебето за развивање на мозокот и интеракцијата со средината преку спонтаната игра. Како детето расте, оваа игра преминува во поучување на детето како да ги решава проблемите и веќе се ориентира кон постигнување на цели. Татковците имаат поразличен однос со детето од мајките. Тие повеќе си играат со детето. Интеракциите на таткото со детето се повеќе физички, помалку интимни, со повеќе смисла за возбуда и хумор. За детето односот со таткото е еден сосема поинаков свет од оној со мајката. Се покажува дека овие игри со таткото придонесуваат за изградба на емотивната самоконтрола кај детето, како и воспоставувањето на социјалните врски покасно во животот. Децата по првите неколку години од животот се најотворени за влијанието на родителите. Во овој период тие се примачи, примаат не само огромна количнина на нега, утеха и сл., туку и голема количина на стимулации. Овие стимулации се не само од огромна важност, туку се и апсолутно потребни за интелектуалниот, физичкиот и особено емотивниот раст. Во првите години од животот на детето доаѓаат до израз и разликите во родителството на мајката и таткото. Начинот на кој мајките се однесуваат со детето повеќе е нежен, смирувачки и сериозен, додека татковците имаат поинаков пристап кон децата. Оваа динамика на емотивно растегање станува поизразена кога детето ќе влезе во втората и третата година. Играта на татковците со децата е повеќе

физичка, додека мајките повеќе ја нагласуваат вербалната размена и вклучувањето на објекти - како играчки во играта со детето. Татковците речиси секогаш повеќе ќе ги возбудат децата позитивно или негативно, со страв како и со уживање, принудувајки ги да научат да ги регулираат своите чувства. Во некоја смисла татковците ги учат децата како да се справат со светот надвор од нивната врска со мајката (како што велеше и класичната теорија). Но многу повеќе од тоа, татковците ги учат децата да развијат покомплексен збир на интерактивни вештини. Ефектите од татко-дете односите се протегаат и во зрелата возраст. Луѓето кои имале позитивен однос со нивните таковци имаат поголеми изгледи дека ќе формираат здрави, интимни врски и ќе имаат помалку проблеми во развивањето на истите. Оние луѓе пак кои имале понеквалитетни врски со таткото имаат повеќе проблеми при формирање на интимни врски, како и потешкотии при нивното одржување и покажуваат значително повеќе проблеми при адаптирањето на новите социјални услови (www.tvoebebe.com).

## 4.1 Психосоцијален развој на детето

Растењето и развојот на детето претставуваат континуирани и меѓузависни процеси. Растот подразбира промена на телото во физичка смисла: растење во височина, тежина, како и растење на сите системи и органи. Тој е последица од морфолошките промени, множење и растење на ќелиите. Растот кај децата се проценува релативно лесно и на едноставен начин, преку статистички показатели. Од друга страна, под развој се подразбира промена на функцијата, менување во количина или квалитет на она што

одреден систем го постигнува. Кога се проценува развојот на едно дете, најголемо внимание се посветува на невропсихолошкиот и емоционалниот развој, при што е неопходна посебна стручна подготовка.

Освен основните биолошки потреби за да се обезбеди адекватен развој неопходна е родителска грижа, но исто така е битно и влијанието на пошироката околина. Особено значаен за развојот е квалитетот на врската на детето со мајката, кој се нарекува *attachment*. Развојот на детето се објаснува преку разни теориски пристапи, почнувајќи од оној на Сигмунд Фројд, на Жан Пијаже, Жером Брунер и други. Ериксон за прв пат својот концепт го објавил 1950 година во книгата „Деца и општество". Ериксон предлага осум фази во психосоцијалниот развој, секоја поврзана со некој спрецифичен конфликт. Секој конфликт претставува посебна фаза во развојот и прилагодувањето на тој конфликт не е иреверзибилен процес. Разрешувањето на конфликтот е кумулативно, т.е. помага во наредното разрешување во тек на следната развојна фаза.

Првата фаза на развојот е врзана со *доверба* или неверување зависно од реализирањето на потребите на бебето во најраниот период кога му се пружа нега од страна на мајката или некој друг. Ако биолошките потреби се задоволени, а детето добива доволно внимание и љубов, тоа формира глобален впечаток на верување во еден сигурен и безбеден свет.

Втората фаза е *автономија* наспроти срам или сомнение. Малото дете го открива сопственото тело и стекнува контрола врз некои функции. Тоа ги истражува процесите на хранење, облекување, движење. Започнува да верува дека може да има контрола над себе ако успешно ги контролира наведените функции. Од друга страна, кога неговите активности се неуспешни, доживува срам или сомнение во сопствените активности.

*Иницијатива или вина*. Детето на возраст од 4-5 години истражува и околу себе. Тоа сфаќа како функционира светот и како тоа може да влијае на него. Ако неговите иницијативи се генерално успешни и ефективни, неговото чувство за иницијативност се проширува. Напротив, ако доживува неуспех, бидува казнувано, започнува да чувствува вина за многу од сопствените активности.

*Способност или инфериорност*. Во периодот од 6-11 години детето развива многубројни вештини и способности во школото, дома, со врсниците или пошироко. Според Ериксон, ваквите вештини му го прошируваат чувството за компетентност, способност. Доколку детето себе се евалуира како помалку вредно од другите, таквото доживување станува многу штетно за неговиот понатамошен

развој. *Его идентитет или его дифузност*. Пред адолесценцијата детето научува дека има многубројни улоги: дека е ученик, постар брат, дека е христијанин или муслиман, Македонец, спортист, итн. Сите овие улоги потребно е да ги интегрира во еден конзистентен идентитет. Доколку не успее да ги интегрира сите овие улоги во еден единствен, централен идентитет, тогаш настанува конфликт помеѓу улогите и настанува его-дифузија.

*Интимност или изолација*. Во доцната адолесценција или раниот адултен период, централен развоен конфликт е интимноста наспроти изолацијата. Под интимност Ериксон мисли на нешто повеќе од сексуална интимност, на способност за споделување на себе си со друга личност, без страв дека ќе се изгуби нешто сопствено, нешто од својот идентитет.

*Алтруизам (доблест) или само-апсорбираност*. Во адултниот период, откако ги разрешила сите претходни конфликти, личноста е слободна сопственото внимание да го насочи кон другите, да им помогне на другите. Кога тоа не е случај, личноста станува ориентирана кон себе, кон сопственото здравје, сопствениот комфор и сл. Ваквите личности што се само-апсорбирани подоцна стануваат многу лоши родители. *Интегритет наспроти безнадежност*. Кон крајот на животот, нормално е секоја личност да погледне наназад низ сопствениот живот и да направи проценка. Ако ваквото проценување на сопствениот живот покажува дека сите постапки, случувања и активности имале смисла, дека постоел еден успешен животен пат, личноста добива чувство на интегритет. Наспроти тоа, настанува чувство на безнадежност. Со ваквиот теориски приод Ериксон сакал да нагласи дека животот претставува серија на лекции и предизвици кои му помагаат на детето да порасне и да се развива. Начинот како тоа станува е вграден токму во оваа теорија. Зборот психосоцијален, во терминологијата на Ериксон содржи двозначност: психолошки (значи врзан за умот, мозокот) и социјален (поврзан со односите со другите пр.родителите). Ериксон особено ја нагласува важноста на начинот на кој се пружа негата и искуството што во тој процес го доживува самото дете. Притоа, извонредно е важна взаемноста и продуктивноста. Тие се зависни од влијанието на генерациите една на друга, особено она што се случува во склоп на едно семејство, влијанието на родителите, бабите и дедовците врз децата. Родителите очигледно влијаат на детскиот психосоцијален развој, но од друга страна и самото дете влијае на искуството што родителот го стекнува при справувањето со проблемите и притисоците од страна на детето. Воедно, тоа треба да ги насочи возрасните како да им

помогнат на децата во надминување на проблемите за полесно да созреат ( Поп-Јорданова, 2011).

## 4.2 Теорија на афективна врзаност

Една од теориите што го објаснуваат емоционалниот развој на детето преку влијанието на врската дете-мајка е теоријата за афективна врзаност ( attachment ). Основач е англискиот психоаналитичар Џон Болби ( John Bowlby ), кој ја поставил врз основа на голем број екстензивни истражувања на концептот на атачментот како трајна психолошка врска помеѓу луѓето. Таа теорија уште се нарекува теорија за потеклото и природата на човековата емоционалност. Според психоаналитичкиот концепт односот на детето со мајката се засновува врз фактот дека мајката го обезбедува задоволувањето на примарните потреби на детето за храна, хигиена. Психоаналитичарите овој однос го нарекле *емоционална зависност.* Но Болби вели: за да се разбере развојот на детето, мораме да проучиме на кој начин се постапувало со него како со човечко суштество низ неговото детство, а не само да го набљудуваме неговиот однос кон хранењето во најраниот период. До истиот заклучок дека „љубовта на детето кон мајката не се храни исклучително со млеко “ доаѓа и американскиот научник Харлоу во 1958 година. Тој експериментирал на млади мајмуни, кои ги одвојувал од мајката и ги ставал во кафез со две вештачки мајки од кои едната е од жичена конструкција и има шише со млеко, а другата платнена и мека но без храна. Според психоаналитичката теорија се очекувало мајмунчето повеќе да се врзе за мајката што има храна, но сепак тоа подолго престојувало кај мајката што била мека и топла, а само кога било гладно одело кај мајката со храна. Значи, дури и кај новороденчето потребата за контакт и барање на мајчина близина одат пред гладот. Џон Болби ја преиспитал природата на тој однос и ја дефинирал како афективна врзаност. Според него, нашите рани стилови на афективна врзаност се воспоставени во детството низ врската на детето со мајката или старателот. Во подоцнежната работа Болби зборува за врзаноста како за: потреба, диспозиција, однесување и односи. *Потребата* за врзаност е базична, како потребата за храна и сексуални потреби, и без неа нема опстанок; врзаност како *диспозиција* на едно лице да бара близина и контакт со друго лице, посебно во специфични услови на опасност и

загрозеност; *однесувањето* на врзаноста е целесообразен бихејвиорален систем кон континуирано надгледува каде е фигурата на врзаност и реагира на доаѓањето на информација така што детето може да ги регулира своите чувства за сигурност барајќи нејзина близина; за да се одреди еден *однос*како однос на врзаност треба да се манифестира низ четири компоненти во однесувањето на доенчето во односот со родителите: барање на близина, сепаративен протест, сигурно прибежиште и база на сигурност. Ова значи дека детето бара близина до фигурата на врзаност, се обидува да остане внатре во заштитното поле со својата фигура на врзаност, насочено е кон неа како извор на сигурност кога постои чувство на загрозеност и дава отпор при одвојувањето од неа (Шурбановска, 2013).

### 4.2.1 Дефинирање на поимот атачмент

Атачментот е дефиниран како посебна емоционална врска, која вклучува размена на удобност, грижа и задоволство. Според тоа, Болби верувал дека атачментот има еволуциска компонента за преживување. Болби поставува четири различни карактеристики на атачментот:

1. *Одржување на близина*- желба да се биде блиску до луѓето со кои сме афективно врзани;
2. *Сигурен рај*- враќање кон атачмент фигурата заради удобност и заштита во состојба на страв и опасност;
3. *Сигурна база*- атачмент-фигурите имаат улога на база на сигурност од каде што детето може да ја истражува средината што го опкружува;
4. *Сепаративен протест*- анксиозност што се јавува во отсуство на атачмент-фигурата.

Според Болби, од самото раѓање кај новороденчето постои потреба за контакт и барање на мајчина близина. Но, во односите помеѓу детето и мајката можат да се воспостават различни видови на афективна врзаност, што во голема мера зависи од довербата на детето во родителите. Многу патогени обрасци на однесувањето на родителите влијаат во формирањето на несигурни, анксиозни, депресивни деца и деца склони на фобични реакции. Тој направил и класификација на тие патогени обрасци на родителите:

1. родители што не умееле да одговарат на потребите на детето, да се грижат за него, или активно го потценувале или отфрлале;
2. родители што повеќе пати го напуштале детето од различни причини, на пр. хоспитализација и институционализација;
3. постојани закани од родителите дека нема да го сакаат детето што го воспитуваат;
4. предизвикување на чувство на вина кај детето дека поради неговите постапки ќе се разболат или умрат.

Сите овие обрасци на родителско однесување се патогени и создаваат страв кај детето дека ќе биде напуштено и ќе го изгуби саканото лице и неговата љубов. Многу ситуации што се сосема безопасни кај овие деца создаваат анксиозност. Детето што развива обрасци на сигурна приврзаност кон родителите ќе има внатрешен работен модел на сигурен родител, кој може да даде љубов, но и претстава за себе како достоен за љубов и внимание. И обратно, несигурно приврзаното дете може да го гледа светот како опасно место и кон другите луѓе ќе манифестира поголема претпазливост и внимателност. Несигурната приврзаност често е поврзана со проблеми во однесувањето, слаба контрола на импулсите, конфликти со родителите, низок степен на самодоверба и проблеми во односот со врсниците ( Шурбановска, 2013).

### 4.2.2 Стилови на атачмент

Соработничка на Болби била Американката Мери Еинсворт развоен психолог, која го пренесува Болбиевиот концепт во емпириски наоди. Нејзиниот придонес во понатамошниот развој на теоријата е во поставувањето на класификацијата на афективните врски и постулирањето на поимот сигурна врска како основа на растот и развојот на личноста. Според Мери Еинсворт односите воспоставени до петтата година од животот се одржуваат и подоцна во текот на процесот на осамостојувањето во адолесценцијата. Еинсворт опишала три главни стила на атачмент: сигурен атачмент, амбивалентен несигурен атачмент и избегнувачки несигурен атачмент. Подоцна Маин и Соломон додале четврти стил на атачмент наречен дезорганизиран несигурен атачмент. Многу студии од тогаш ги потврдиле овие стилови на атачмент и покажале дека атачментот исто така има влијание врз однесувањето на човекот подоцна во животот.

*Сигурен атачмент* се препознава кога детето покажува растревоженост при раздвојувањето од мајката или старателот и среќа кога тие ќе се вратат. Тие деца се чувствуваат сигурно и се способни да се потпрат на мајката или старателот. Кога возрасниот ке си отиде, детето може да биде вознемирено, но тоа се чувствува сигурно дека родителот или старателот ќе се врати. Овие деца знаат дека родителот или старателот ќе им овозможи удобност и сигурност, така што тие спонтано бараат помош кога им е потребно. *Амбивалентен атачмент*, односно амбивалентно врзаните деца обично стануваат многу вознемирени кога родителите ќе си заминат. Се смета дека овој стил на атачмент е невообичаен. Истражувањата покажуваат дека амбивалентниот атачмент е резултат на недоволната мајчина достапност. Овие деца не можат да се потпрат на мајката или старателот кога им се потребни. *Избегнувачки атачмент* се огледува во тенденцијата децата да ги избегнуваат родителите или старателите. Кога им е понуден избор, овие деца нема да покажат разлика во преферирањето помеѓу родителот и сосема непозната личност. Истражувањата покажуваат дека овој стил на атачментот е резултат на злоупотребувачки и запоставувачки родители или старатели. Децата што се казнувани за барањето поддршка од родителите ќе научат да го избегнуваат барањето помош во иднина. *Дезорганизиран несигурен атачмент* се однесува на однесување на детето кога ќе се најде во анксиозно-провокативна ситуација во која отфрлувачкиот родител го внесува. Бидејќи таквите деца не знаат што да прават, тие доживуваат страв без решение и се однесуваат на бизарен начин, но само за неколку секунди. Истражувањата покажуваат дека неуспешното врзување со родителот или старателот рано во детството има последици врз однесувањето во доцното детство и подоцна во  животот. Кај децата што имале проблематично врзување и што биле често запоставувани во раното детство, или на некој начин биле трауматизирани, е дијагностицирано опозициско пркосно нарушување, потоа нарушување во однесувањето или посттрауматски стрес. Оние што се сигурно врзани во детството се склони кон висока самопроценка, силни романтични врски и способност да се зближуваат со други, да воспоставуваат длабока и трајна врска, додека оние што се анксиозно врзани се склони брзо да влегуваат и излегуваат од љубовните врски. Децата што со мајката имаат воспоставено однос на сигурна врзаност се повеќе смирени и помалку вознемирени од децата што се несигурни врзани. Тие деца што се сигурно врзани се другарски расположени, покажуваат поголема социјална компетентност, за разлика од децата што се несигурно врзани и кои покажуваат поголемо незадоволство,

помала социјална компетентност, понемирни се и почесто покажуваат склоност кон конфликтни ситуации ( Шурбановска, 2013).

### 4.3 Теорија на родителско прифаќање и отфрлање (ПАРТ)

Значаен придонес кон разбирањето на димензијата родителство дала теоријата на родителско прифаќање и отфрлање, според Роналд Рохнер (Parental Acceptance-Rejection Theory- PART, 1984). Поради кратенката од зборовите на англиски јазик оваа теорија е позната како ПАРТ. Оваа теорија се обидува да даде одговор на прашањето какви се ефектите од родителското прифаќање и отфрлање врз однесувањето на детето. Теоријата на родителско прифаќање и отфрлање е теорија на социјализација и развој, која е базирана на податоци од конкретни случаи и е насочена кон тоа да ги предвиди и да ги објасни главните причини, последици и другите корелати на родителското прифаќање и отфрлање. Разгледувајќи го концептот на прифаќање и отфрлање се забележува дека тие заедно ја прават димензијата на родителска топлина. Со други зборови, родителската топлина е биполарна димензија, од една страна родителско отфрлање, а од друга родителско прифаќање. Еден крај на континумот е обележан како родителско прифаќање, кое се однесува на топлината, емоционалноста, грижата, удобноста, загриженоста, поддршката или едноставно љубовта што децата можат да ја доживеат од родителите. Другиот крај на континумот е обележан како отфрлање, што се однесува на отсуствување или значително повлекување на овие чувства и однесувања и изразување на различни физички или психички повредувачки однесувања и влијанија. Истражувањата откриваат дека родителското отфрлање може да се доживее од која било комбинација на четири главни експресии: 1. ладни и неемоционални, 2. непријателски и агресивни, 3. рамнодушни и запоставувачки, 4. неиздиференцирано отфрлање. Овие однесувања се покажани графички на слика 1. Елементите топлина, непријателство и индиферентност се однесуваат на интерната, психолошка состојба на родителите. Така, кога родителите се однесуваат според своите чувства или љубов, тие се емоционални. Како што е забележано на сликата, родителската емоционална реакција може да биде покажана физички (гушкање, бакнување, грижливост и удобност), вербално ( наградувања, пофалби и кажување убави работи на детето). Овие и многу други начини што покажуваат грижливост, негување, поддршка и љубов се изрази на родителското

прифаќање. Кога родителите се однесуваат според чувството на непријателство, лутина, незадоволство, резултатот генерално е агресивно однесување.

<table>
<tr><th colspan="5">Родителска топлина</th></tr>
<tr><th colspan="2">Прифаќање</th><th colspan="3">Отфрлање</th></tr>
<tr><td rowspan="2">Физичко<br>Бакнување<br>Гушкање<br>Милување</td><td rowspan="2">Вербално<br>Фалење<br><br>Давање комплименти<br><br>Упатување убави зборови</td><td colspan="2">Непријателско/ агресија</td><td>Рамнодушност/ Занемарување</td></tr>
<tr><td>Физичко<br>Удирање<br>Гризење<br>Гребење<br>Туркање</td><td>Вербално<br>Упатување пцости<br>Упатување непријателски зборови<br>Сарказам</td><td>Физичка и психолошка отсутност<br><br>Необрнување внимание на потребите на детето</td></tr>
</table>

**Слика.1** Модел на основен родителски концепт во рамките на теоријата на родителското прифаќање/отфрлање (Рохнер, 1984)

Сликата 1. Покажува дека родителите може да се физички агресивни (да удираат, казнуиваат, да фрлаат работи) и вербално агресивни (саркастични, да ги пцујат, да им се потсмеваат, да им викаат, да ги понижуваат децата или да кажуваат потценувачки работи за детето). Но исто така родителите може да користат повредливи, невербални и симболички гестикулации кон своите деца. Генерално, може да се каже дека родителското отфрлање е одредено со отсуство на топлина и емоционалност, за разлика од родителското прифаќање што е дефинирано како присуство на топлина и емоционалност. Рохнер опишува два типа на родители. Прв тип е родител што го прифаќа детето, покажува физичка и вербална љубов кон него. Тој го бакнува, мази и гушка детето, му дава комплименти, го фали и наградува. Другиот тип родител е оној што одбива, покажува недругарство и агресија кон детето, од една страна, или рамнодушност и занемарување, од друга страна (Шурбановска,2013).

### 4.3.1 Последици на родителското отфрлање

Според Тодоровиќ (Todorović,2005) отфрлањето на детето може да биде:

1. од страната на двата родитела;
2. детето има такво чувство иако само еден родител го избегнува детето;
3. детето е сакано и прифатено од својата мајка, а отфрлено од страна на таткото, но мајката не е во состојба да го надомести неповолниот став на таткото, затоа што тој временски многу долго трае и многу е изразен.

Ако отфрлањето не е така изразено и постои само кај еден родител, детето колку-толку прима одредена доза на пожелни емоционални искуства. Кај ваквите семејства детето може да изразува силна потреба за прифаќање од страна на членовите од разни групи. Сепак тоа не е доволно да се формира изразена приврзаност. Потребата за зависнот е нарушена , и детето има проблем да воспостави блиски и топли односи со другите. Иако има потреба да биде прифатено, чувствува страв од нови ситуации и лица, затоа што чувството за сопствената вредност е ниско. Рохнеровата ПАРТ ги опфаќа и последиците на однесувањето на родителот врз менталното здравје на детето и неговото однесување. Според оваа теорија родителското прифаќање и отфрлање има силни последици врз однесувањето на детето. Резултатите од истражувањата во клиничките записи во Америка го потврдуваат ова очекување, дека отфрлањето може да биде причина за цела низа на психички нарушувања и болести, вклучувајќи неврози, шизофрении, деликвентно однесување, психосоматски реакции, како што се алергии, пелтечење, нарушување на сликата за сопственото тело и училишни проблеми.

Бидејќи Рохнер бил заинтересиран за последиците од родителското прифаќање и отфрлање, неговите истражувања ги насочил на диспозициите на личноста, особини што може да се очекуваат како последица на родителската агресивност или занемарување, во сите култури. Децата што се отфрлани или емотивно малтретирани и повредени, повеќе се склони, отколку прифатените деца, да бидат непријателски расположени и агресивни; да бидат зависни или одбранбено независни, што е поврзано со степенот на отфрлањето; да имаат ниско самопочитување и самокомпетентност; да бидат емотивно нестабилни, рамнодушни и да имаат негативен поглед на светот. Секоја од овие диспозиции на личноста е резултат на отфрлањето, затоа што, според Мид, секој е склон кон тоа да се

гледа себеси онака како што го гледаат значајните други, и ако родителите како најзначајни други ги отфрлале како деца, тие се склони да се дефинираат себеси како незаслужни за љубов, дури и како безвредни и несоодветни луѓе. Освен тоа, отфрленото дете во однос на прифатеното е позависно, посесивно и бара од родителите многу внимание, нега и физички контакт. Значи, на отфрлувачкото однесување на родителите детето одговара со зависно однесување. Со време тоа однесување може да се изгуби или трансформира. Сериозно отфрланото дете никогаш не научило како да дава љубов затоа што немало родители што даваат љубов и што би биле модел за сопственото однесување. Иако копнеело и молело за љубов, никогаш не ја добило. За да се заштити себеси од понатамошни емотивни повредувања, отфрланото дете е склоно емотивно да се затвори. Конечно, детето може да престане да бара нежност од лица што му се важни. Така исчезнува зависното однесување, кое било одговор на родителското отфрлање.

Понатаму, според ПАРТ, отфрленото дете станува емотивно изолирано, неспособно слободно и отворено да продолжи да создава блиски односи со другите. Во екстремни случаи отфрленото дете станува апатично или емотивно слепо, помалку толерантно на стрес, помалку емотивно стабилно од лицата што како деца биле прифатени. Детето што се чувствува отфрлено од своите родители станува навредено, гневно и луто на своите родители и исполнето со страв од нови отфрлања. Како резултат на тоа во себе развива одбранбена независнот или емотивно се повлекува. Така детето го повлекува процесот на контраотфрлање. Зад одбранбената независност и емотивното повлекување често не се препознава копнежот повторно да се воспостават топли и блиски односи со родителите. Ако родителското отфрлање има форма на непријателство и агресивност, детето станува непријателски расположено, агресивно или пасивно агресивно. На крајот, отфрленото дете што е анксиозно, несигурно, емотивно нестабилно, кое се потценува себеси и своите способности, е склоно да ги генерализира тие свои чувства и на природата на светот во кој живее, односно да ја доживува како непријателско, непријатно и непожелно место за живеење. Дете што искусило толку многу психички повреди од сопствените родители нема сили да очекува и нешто подобро од животот. Животот за него е опасен, заканувачки и несреќен. Така детето ќе развие негативен поглед на светот.

Поради овие карактеристики отфрлените деца не се способни да остварат задоволувачки социјални односи со врсниците, што уште повеќе го ослабува нивното чувство за самодоверба, и уште повеќе се повлекуваат во себе. Така, повредени и повлечени, без позитивни искуства со врсниците, отфрлените деца созреваат во возрасни

што се непријатни, несигурни и зависни, емотивно нестабилни, со негативна слика за себе и со негативен погледна светот. Според ПАРТ се очекува дека родителите што и сами биле отфрлани значајно повеќе ќе ги отфрлаат сопствените деца отколку оние што се чувствувале прифатено. На тој начин кругот на отфрлање тежнее да биде овековечен во констелација на опишаните диспозиции. Емпириските истражувања покажале дека таквите родители и самите биле злоупотребувани, занемарувани и лишени од љубов и топлина во детството. Листата на можните последици на родителското отфрлање не е конечна. Изгледа како последиците на отфрлање да се шират во концентрични кругови околу поединецот и да продираат во сите сфери на неговиот живот. Освен наведените емотивни проблеми, кои низ детството водат во психопатологија на возрасен, ефектите на отфрлање продираат и во апстрактни области, како што се погледот на светот и животот, религиозните верувања, уметноста, музиката и другите облици на експресивно однесување. Родителското отфрлање, каде и да е во светот, може да биде главен фактор на проблематичното однесување на детето или адолесцентот, како што се болести на зависност и деликвенција.

Изгледа дека родителската љубов и топлина, како и недостигот на таа љубов, има сила да ја обликува личноста, каде и да е. Но сепак, наспроти тоа, некои деца како да се поспособни од другите успешно да ги совладаат или да ги избегнат штетните ефекти на родителското отфрлање и емотивното повредување. Кои се тие деца? Одговорот на ова прашање се уште не е сосема јасен, но според филогенетскиот модел на Рохнеровата теорија, можеме да претпоставиме дека степенот на детската отпорност кон отфрлањето зависи од некои социјално-ситуациски фактори, како и од когнитивните способности на „борците“ да го преработат и да го направат помалку болно она што го доживеале. Еден облик на социјалното разбирање каде што очекуваме „борците“ да се разликуваат од „неборците“ степенот на детската способност да ги деперсонализира случувањата, да го избегне автоматското поврзување на животните случувања со себе. На пример, сосема е поинаку за дете што има индиферентна мајка, или агресивна мајка, ако е способно да заклучи дека мајчината агресивност не се однесува на него лично, односно ако може да разбере зошто неговата мајка така се чувствува или однесува. Оваа способност на деперсонализација му овозможува на детето да ги разграничи случувањата што се однесуваат на него од оние што не се поврзани со него, и да ги согледа работите или барем да се обиде да ги види онака како што другите ги гледаат. Друг аспект на социјалната когниција, кој е поврзан со способноста на детето да излезе

на крај со забележаното родителско отфрлање, е свеста за себе, која можеме да ја дефинираме како релативна свесност на детето за својата индивидуалност, неповторливост и значајност (Шурбановска, 2013).

## 5.Стилови на родителство

Родителски стил е психолошки конструкт што ги претставува стандардните стратегии што родителите ги користат во воспитувањето на детето. Постојат многу теории и мислења околу тоа кој е најдобриот начин за воспитување на детето, како што е степенот до кој треба да се вложи енергија, времето што треба да му се посвети на детето итн. Многу родители го создаваат својот стил со комбинација на повеќе фактори, и тој може да еволуира со текот на времето како што децата растат и ја развиваат сопствената личност и се движат низ животниот пат. Родителскиот стил се создава под влијание на темпераментот на детето и родителите и во голема мера под влијание на сопствените родители и културата. Повеќето родители ја учат сопствената практика од своите родители, некои ја прифаќаат, некои ја отфрлаат (Шурбановска, 2013). Родителите употребуваат свои стратегии за да ги наведат децата да ги почитуваат нивните правила. Родителите ќе ви речат дека нивниот начин на одгледување на децата, всушност, е дисциплинирање, бидејќи тие од децата бараат да бидат послушни и да му се повинуваат на нивниот авторитет. Дисциплинирањето значи да се бираат награди или казни во зависнот дали се почитуваат или не правилата што ги наметнуваат родителите.

Родителските стилови се разликуваат во две основни димензии: 1. дали е интеракцијата со љубов и со нежност или, наспроти ова, со непријателство; и 2. дали се тие пермисивни родители или се со авторитарна контрола (Мурџева-Шкариќ, 2011).

Во семејство со двајца родители, тие може да практикуваат исти, слични или различни воспитни стилови. Пожелно е родителите да се согласни околу основните вредности на кои сакаат да го научат детето и да не го рушат авторитетот на другиот родител, кој мисли и постапува поинаку, особено пред детето. На овој начин ќе се усогласат воспитните стилови помеѓу родителите кон детето, бидејќи е многу важно родителите да упатуваат идентични пораки кон детето за договорените семејни правила и граници. Во многудетни семејства, понекогаш родителите не практикуваат ист родителски

пристап кон сите свои деца. Пожелно е родителите да негуваат ист воспитен стил, односно родителски пристап кон сите свои деца, но со почитување на индивидуалните потреби кои произлегуваат од различните развојни фази во кои се наоѓаат децата. Понекогаш однесувањето на родителот кон детето излегува од границите на еден стил и може да е комбинација од повеќе воспитни стилови. Сепак, најдоминантните и најприменувани постапки во родителството означуваат поголема склоност кон одреден воспитен стил, кој родителот го оправдува и му дава приоритет. Секој родителски воспитен стил развива одредени особини и карактеристики кај детето (Петровска,2018).

## 5.1 Димензии на родителското однесување

Според теориите за психосоцијалниот развој на детето, посебно се важни две димензии на родителското однесување: родителска топлина и родителската контрола. *Родителската топлина* се однесува на поддршката, грижата, љубовта и охрабрувањето што родителите му ги даваат на детето. Оваа еднодимензионална особина на родителскиот однос, Ролинс и Томас ја дефинираат како манифестно однесување на родителите кон детето, кое резултира со чувство на удобност во присуство на родителите и ја вклучува свесноста на детето дека е прифатено како личност. Втората димензија на родителскиот однос е *родителска контрола*. Овој воспитен стил е опишан со управување, дисциплина, сила, казна и депривација. Особини на оваа димензија се поставување високи барања и контрола, а се дефинира како присила по пат на казнување, заканување и исполнување на родителските барања. Истражувајќи го влијанието на одредени родителски постапки врз однесувањето и личноста на детето, Сиерс, Бекер и Бронстеин укажале на постоење три димензии на родителско однесување: прифаќање наспроти отфрлање, контрола наспроти автономија и доследно однесување наспроти недоследно. Димензијата *прифаќање* наспроти *отфрлање*ја прикажавме погоре во текстот. Димензијата *контрола* наспроти *автономија* се однесува на ограничувањата што родителите им ги поставуваат на своите деца во различни области. Истражувањата покажале дека изразеното ограничувачко родителско однесување го спречува развојот на независноста кај детето, но и недостигот на контрола води кон несакани последици. Во однос на доследноста и јасноста на постапките на родителите кон децата се вели дека успешните дисциплински постапки се *доследни* и *јасни*. Со други зборови, детето знае

зошто е казнето и наградено, а на истото однесување родителите секогаш реагираат, помалку или повеќе, на ист начин. Истражувањата покажуваат дека недоследното казнување главно не успева да го намали или отстрани однесувањето што се казнува. Најагресивни се оние деца чии родители понекогаш го дозволуваат, а понекогаш го казнуваат агресивното однесување. Наместо да се истражуваат поединечните димензии на родителските постапки, некои психолози го истражувале нивното комбинирано влијание. Според Шефер и Бејкер последиците од постапките на родителите во однесувањето на децата се прикажани на слика 1.

Секоја комбинација на родителските димензии на однесување сочинува одреден родителски стил. Така, прифаќањето од една страна и контролата од друга, го прави *презаштитничкиот родителски стил*. Значи, родителите со овој стил ги прифаќаат своите деца, односно се емоционални топли, покажуваат љубов и внимание, даваат поддршка, но исто така покажуваат голема контрола врз детето на тој начин што премногу му се мешат во тоа што го прави, му влијаат во насочувањето и изборите, предизвикуваат чувство на вина и тн. Последиците на овој родителски стил е дете кое е послушно, субмисивно, учтиво, зависно, некреативно (Шурбановска, 2013).

| **Комбинација на димензии** | **Однесување на родителот** | **Особини на детето** |
|---|---|---|
| **Прифаќање и контрола (презаштитнички родители)** | - Љубов<br>- мешање<br>- насочување<br>- поставување на високи страндарди<br>- предизвикување на чувство на вина | - Субмисивно<br>- зависно<br>- учтиво<br>- уредно<br>- неагресивно<br>- некреативно<br>- послушно |
| **Прифаќање и автономија (авторитетни родители)** | -го прифаќа детето<br>-кооперативен<br>-демократски<br>-слободен | -активно<br>-друштвено<br>-адекватно агресивно<br>-независно<br>-креативно<br>-минимална самоагресија<br>-ниско недругарство кон другите |

| | | |
|---|---|---|
| **Отфрлање и контрола (авторитарни родители)** | -наредува<br>-недругарски расположен | -невротски проблеми<br>-повлечено<br>-срамежливо но се расправа<br>-максимална самоагресија<br>-проблеми во преземањето улога на возрасен |
| **Отфрлање и автономија (занемарувачки родители)** | -дистанциран<br>-рамнодушен<br>-го занемарува детето<br>- го отфрла детето | -импулсивно<br>-максимална агресија<br>-деликвентно<br>-непослушно<br>-нема цели |

**Слика 1.** Димензии на родителски однесувања и нивно влијание врз детето
(Shefer и Bejker, 1964, според Vizek-Vidović и сор., 2003)

## 5.2 Стилови на родителство

Свој пристап во определувањето на стиловите на родителство има Дијана Баумринд. Нејзините родителски стилови се базирани врз два многу важни аспекти на родителство. Првиот се родителските одговори, што се однесува на степенот до кој родителот одговара на детските потреби. Вториот се родителските барања, што ги означува родителските очекувања за зрело и одговорно однесување на детето. Користејќи ги овие две димензии, таа создала три различни родителски стила: авторитарен, авторитативен, пермисивен. Макоби и Мартин овие стилови подоцна ги прошируваат со уште еден стил: занемарувачки. Овие 4 стила се создадени од комбинација на прифаќањето и одговарањето на потребите на детето, од една страна, и барањата и контролата, од друга страна (Шурбановска, 2013).

*Авторитарен родител (премногу силен)*: Авторитарниот родителски стил се карактеризира со високи барања, од една страна, а нечувствителност за детските потреби, од друга. Во односот со децата ја користат силата и авторитетот. Лутењето и незадоволството се чести во родителското однесување кон детето. Ова се нарекува тоталитарно родителство, или строги родители. Се карактеризира со висок степен на конформизам и почитување на правилата и насоките на родителите, со мала дозвола за отворен дијалог помеѓу детето и родителот. Авторитарните родители бараат од нивните

деца послушност без објаснување и се фокусирани на статусот. Децата што се резултат на ваков тип на родителство се помалку социјално компетентни, затоа што во основа родителите им кажуваат како да се однесуваат наместо да му дозволат на детето самото да избере. Ако наметнувањата на родителите премногу го туркаат детето, тоа може да се скрши или да стане бунтовник или да избега од дома. Тоа може дури да го доведе детето до самоубиствени мисли, кои може да бидат за него единствен начин на бегство. Сепак, истражувањата покажале дека во некои култури и етнички групи авторитарниот родителски стил може да биде поврзан со позитивни резултати, повеќе отколку што очекува Баумринд (Шурбановска, 2013). Авторитарните родители се засновуваат врз моќта, ја вреднуваат послушноста како доблест. Има многу дисциплина и барања, а малку љубов и комуникација. Децата на авторитарните родители почесто биле совесни, послушни, мирни, но не и многу среќни. Имале чувство на вина, биле депресивни, се самообвинувале ако не оди добро нешто. Во адолесценцијата бунтувале и го напуштале домот пред 20-годишна возраст (Мурџева- Шкариќ, 2011). Исто така може да има и следните особини: анксиозно дете, повлечено, исплашено и несреќно по природа;

- слаби реакции на фрустрација;
- добар училиштен успех поради страв од казна;
- неуспехот е придружен со вознемиреност;
- има тешкотија во остварување и одржување пријателства;
- може да биде бунтовно кога ќе стане адолесцент и да се идентификува со насилниот родител и др ( Петровска, 2018).

*Авторитативен родител (правилен):* Овој родителски стил се карактеризира со модерирани наметнувања (барања) и модерирани одговори на потребите на детето, односно резултира со реални барања следени со образложувања, при што јасно се дефинирани правилата и нормите на однесување. Авторитативниот родител е цврст но не е ригиден. Овој стил исто така е наречен асертивен, демократичен или балансиран. Тие родители ја почитуваат посебноста на детето, тие се грижат и се чувствителни за проблемите на своето дете, но истовремено поставуваат јасни граници на однесување. Авторитативните родители одговараат на потребите на детето, но не се попустливи. Им помагаат на своите деца да пронајдат соодветни решенија за проблемите. Авторитативните родители ги поттикнуваат децата да бидат независни, но се уште водат контрола и ограничувања на нивните активности. Вербалното давање и земање не е ограничено, и родителите се обидуваат да бидат топли и природни со детето.

Најчесто авторитативните родители создаваат деца што се повеќе независни и самоуверени. Овие родители поставуваат јасни стандарди, ги надгледуваат поставените граници, но исто така им дозволуваат на своите деца да ја развијат својата автономија. Казнувањето за лошото однесување е одмерено и конзистентно, но не произволно и насилно. Авторитативните родители поставуваат граници и бараат зрелост, но кога ќе го казнат детето, му го објаснуваат мотивот за казната.
Ова е најпрепорачлив стил на родителско однесување во воспитувањето на детето (Шурбановска, 2013). Авторитативните родители даваат добро одмерена доза на љубов, барања, дисциплина и комуникација. Го охрабруваат разговорот и размената на мислења, а ако детето одбива, ја почитуваат неговата одлука. Се вреднува автономната желба, но и се контролира поведението според прифатените стандарди. Овие родители се топли, постојани и разумни. Детето може да го предвиди нивното однесување кон него и знае што се очекува од него, бидејќи тоа му се објаснува на достапен начин. Децата на авторитативните родители биле среќни, самоконтролирани, успешни и дарежливи. Биле омилени меѓу врсниците и учителите (Мурџева-Шкариќ, 2011). Ваквите деца имаат и следните особини:

- среќно дете со чувството на сигурност;
- контактибилно дете, се впушта во докажување со аргумент, ги сака правдата и честа, носи сопствени одлуки;
- самодоверба и самопочит;
- развиена способноста за совладување на предизвикувачки задачи;
- добри училишни постигнувања;
- способност за контрола на емоциите;
- добро развиени социјални вештини;
- способност за остварување и одржување пријателства;
- добро реагира на авторитетот на возрасниот, ако е проследено со почит и можност за самодокажување (Петровска, 2018).

*Пермисивен-попустлив родител (премногу мек)*:Овој родителски стил се карактеризира со ниски барања и висока чувствителност за потребите на детето. Тие родители се емоционални топли и чувствителни кон детето, но во нивниот однос не се јасно дефинирани правилата и ограничувањата. Се нарекува уште и слободен чувар, индулгентен родител, недирективен или благ родител. Попустливиот родител е премногу чувствителен за потребите на детето и ретко го поттикнува почитувањето на

правилата, има само малку очекувања од детето во однос на неговото однесување. Родителите се обични добри негуватели, го прифаќаат детето и имаат висока чувствителност за потребите и желбите на детето. Овој стил на родителство не поставува барања од детето да го регулира своето однесување и да се однесува соодветно на ситуацијата. Разгаленото дете или таканареченото расипано слатко обично има попустливи родители. Овие деца се повеќе импулсивни, а како адолесценти може да имаат недолично однесување, дури и да злоупотребуваат дрога. Овие деца никогаш не научуваат како да го контролираат своето однесување и секогаш го следат својот пат. Тие брзо созреваат и се способни да го живеат животот без помош од некој друг (Шурбановска, 2013). Од последните истражувања се добиени следниве податоци (Makoby, 1992): -

Тинејџерите што се најмалку склони на алкохолизам имаат родители што се проценети високо на скалите на одговорност и топлина. -

Таканаречените индулгентни родители или попустливи родители, оние што се проценети ниско на скалата на одговорност, а високо на скалата на топлина, имаат три пати поголем ризик нивните деца да користат алкохол.

- Строгите родители што се проценети високо на скалата на одговорност, а ниско на скалата на топлина го дуплираат ризикот за користење алкохол кај своите деца. Пермисивните родители на децата им даваат нежност, но имаат малку барања, малку дисциплина и малку комуникација. Тие ги сакаат децата и ги заштитуваат, но им даваат слобода како приод кој им овозможува да немаат одговорност за детскиот развој. Децата на пермисивните родители биле несреќни, без доволно самоконтрола, емоционално незрели (Мурџева-Шкариќ, 2011). Ваквите деца имаат и следните особини ( Петровска, 2018) :

- дете што не прифаќа НЕ;
- пркосно и бунтовно дете кога го предизвикуваат или кога не може да биде по негово;
- слаба контрола на емоциите и темпераментот, лесно се фрустрира;
- слабо внимание и концентрација;
- со тешкотија ги завршува училишните задачи;
- може да пројави антисоцијално однесување поради немање прифатени правила и слаб морален развој, да не е прифатено од врсничката група и др.

*Занемарувачки родители (несовесен):* Овој стил на родителство не е ниту наметнувачки ниту чувствителен на потребите на детето. Занемарувачките родители не само што не се грижат и не го ограничуваат своето дете туку и не му покажуваат емоционалност и топлина. Овој стил на родителство исто така се нарекува неинволвиран, бесчувствителен, отфрлувачки, рамнодушен. Тие се наоѓаат ниско на скалата на топлина, генерално не се вклучени во животот на детето, малку бараат и не му се наметнуваат на детето, не поставуваат граници. Занемарувачкото родителство исто така значи игнорирање на емоциите на детето и неговото мислење. Децата чии родители имаат занемарувачки стил развиваат смисла за тоа дека другите аспекти на животот на родителите се поважни отколку што се тие самите. Многу деца на занемарувачките родители често се самозаштитнички настроени, или настојуваат да бидат помалку зависни од своите родители за да се има чувство на независност и зрелост и покрај годините што ги имаат.

Родителите и нивните деца често покажуваат контрадикторно однесување. Децата стануваат емоционално повлечени од социјалните ситуации. Овој оштетен атачмент исто така влијае на врските подоцна во нивниот живот. Во адолесценцијата тие може да покажат модели на деликвентно однесување. Децата на тие родители не покажуваат адекватно однесување во социјалната интеракција и се незадоволни (Шурбановска, 2013). Дијана Баумринд го анализирала влијанието на однесувањето на родителите врз особините на нивните деца. Тоа е прикажано на слика 2. Прикажаните стилови на односот на родителите кон детето најчесто резултираат со развивање на особини на личноста и карактеристичен начин на однесување на детето со социјалната средина.

| Стил на интеракција | Однесување на родителот | Особини на детето |
|---|---|---|
| **Авторитарен** | - го вреднува конформизмот<br>- дистанциран е<br>- не ги објаснува правилата<br>- не ја поттикнува обостраната комуникација со детето | - незадоволно<br>- повлечено<br>- се грижи како ќе го задоволи родителот |

| | | |
|---|---|---|
| **Пермисивен** | - им дава на децата целосна слобода<br>- има малку очекувања и барања од детето | - незрело<br>- има слаба самоконтрола<br>- загрижено и несигурно |
| **Авторитативен (демократски)** | - цврст но загрижен<br>- ги објаснува причините доследен<br>- има повисоки очекувања од детето | - самодоверба<br>- високо самопочитување<br>- сигурно во себе<br>- спремно да прифати ризик |

**Слика 2**. Стил на интеракција во семејството и особините на детето (Vizek-Vidović и сор., 2003)

Тодоровиќ (Todorović, 2005), според Зиемска, ги наведува изразено негативните воспитни стилови за детето, кои се карактеризираат со: отфрлање, избегнување, претерани барања и претерана заштита, а како пожелни ги смета: соработката, прифаќањето, почитувањето на правата на детето и умерената слобода. Сепак може да се каже дека нема родителски стил кој е сосема правилен или пак дека другите се погрешни. Ниту пак може да се каже дека има идеален родител или идеално одгледано дете. Родителството е доживотна работа во која има обиди и грешки. Сите родители треба да одлучат како да го одгледаат своето дете, нема фиксни правила , нема рецепт или формула. Не постојат две исти деца. Она што функционира за едното не функционира за другото.

Откога ги проучивме влијанијата на родителските стилови врз развојот на детето, ќе се запрашаме зошто едноставно сите родителители не го применуваат авторитативниот родителски стил кога со него се развиваат среќни, сигурни и способни деца. Зошто родителите се разликуваат според родителските стилови? Некои можни причини ги вклучуваат следниве фактори: културата, личноста на родителот, бројноста на членовите во семејството, „родителска традиција“ (родителите на родителите), социоекономскиот статус, степенот на образование и религијата. Исто така родителскиот стил може да се разликува и помеѓу родителите (мајката и таткото), така што ќе се формира уникатен однос во секое семејство. На пример, мајката може да покажува авторитативен стил, додека таткото го фаворизира повеќе попустливиот пристап. Така, во насока да се формира еден кохезивен пристап во родителството, најважно е родителите да научат да соработуваат и да ги комбинираат различните елементи од нивниот оригинален стил. Родителството не се случува „во воздух“,

родителството е интерактивна ситуација. И децата исто така имаат стилови, односно темперамент, кој е во соодност со родителскиот стил, и тие влијаат еден на друг. На пример, родителот веројатно се однесува различно кон импулсивното хиперактивно дете и кон срамежливо, плашливо дете. Тие најверојатно ќе го ограничуваат импулсивното однесување кај хиперактивното дете, а ќе го поттикнуваат асертивното однесување кај срамежливото дете. Децата од исто семејство може да имаат различен темперамент, и родителите што имаат неколку деца можат да ги препознаат разликите во темпераментот и да реагираат различно кон секое дете (Шурбановкса, 2013).

### 5.2.1 Казнување

Казнувањето се користи за да се отстранат непожелни поведенија и за да се воспостават нови. Казнувањето може да е физичко, вербално, со намалена нежност или внимание, со помалку привилегии. Физичкото малтретирање има негативни ефекти: детето учи модел на агресивност, го избегнува и не го почитува родителот кој казнува, не го менува поведението, туку само го потиснува и го одложува за подоцна истото поведение. Тепањето води кон семејна атмосфера на одбивање. Тепаните деца се поагресивни, емоционално нестабилни и малку се самопочитуваат. Ќотекот само привремено го запира лошото однесување. Но, затоа почести се долгорочни лоши последици кај децата кои се физички казнувани: покажувале антисоцијални поведенија (деликвенти, насилници, матретирачи).

Казнувањето може да се прави преку дисциплинска постапка наречена *психолошка контрола*. На детето му се прават закани дека нема да го сакаат и да го поддржуваат и постојано бараат тоа да е свесно и благодарно за родителската грижа. Кај децата тоа води кон чувство на вина, постојана благодарност спрема родителите, како и намалување на иницијативите и постигнувањата. За да биде поефикасно казнувањето (ако веќе мора да се направи), треба: 1. да биде веднаш по несаканото поведение за да ја поврзе детето казната со непожелното поведение; 2. да му се каже на детето причината зошто е казнето; 3. да е конзистентно, т.е. истото лошо поведение секогаш да се казнува; 4. родителите да се топли и со грижа за детето; 5. казнувањето да е благо и без негативни емоции кај родителот (Мурџева-Шкариќ, 2011).

*Разлики помеѓу казна и дисциплина* ( Петровска, 2018) *:*

1. Казна

- казната го повредува детето и физички и психички;
- го негира неговото право да биде разбрано и сфатено како личност;
- може да доведе до сериозни, негативни последици врз здравјето на детето;
- со казната не се менува моделот на поведение на детето, туку само моментално се менува неговото однесување и набргу се потиснува;
- казната дава спротивен ефект;
- казната се базира врз страв;
- детето станува бунтовно и дава отпор;
- детето го учи моделот на агресорот;
- казната дава малку информации, таа нема содржина, најчесто носи само порака што не смее да прави детето, а не нуди алтернативи;
- со казнување родителот го оддалечува детето од семејството и домот.

2. Дисциплина

- дисциплината не го повредува детето, ниту неговата личност;
- дисциплината е учење или поддржување на процесот на учење на детето за прифатливо однесување;
- дисциплината има содржина;
- дисциплината вклучува поставување јасни граници и правила во семејството и на детето;
- бара доследност во постапувањето на родителот;
- родителот има реални очекувања од детето;
- со дисциплина родителот развива добар и рамноправен однос со детето;
- детето го менува моделот на однесување спонтано и во соработка со родителот;
- дисциплината не се заснова врз страв и закани.

## 5.3 Ефективно родителство

Детето не ги одбира своите родители, тоа доаѓа на свет, во семејството, неподготвено за она што го очекува, тоа е како отворена книга со празни листови на кои родителите и околината ја пишуваат содржината, а подоцна истите писатели ја сметаат книгата за лоша и ја отфрлаат, заборавајќи притоа кој ја напишал, па според тоа и кој е одговорен за нејзиниот квалитет (Николиќ, 2012).

Иако родителството не е секогаш безгрешно, и покрај љубовта и грижата на родителите за своите деца, сепак придружувањето до одредени начела или начини на комуникација со децата може да го направи ефективно. Томас Гордон (1918-2002) е познат американски клинички психолог кој ги поставил основите во проучувањето на комуникациските вештини во проучувањето, како и во разрешувањето на конфликтите кај родителите, наставниците, врсниците итн. Моделот што го развивал е познат како Гордонов модел или метод, кој претставува комплетен и интегриран систем за градење и одржување на врските и односите помеѓу луѓето. Тој во 1962 година вовел обука за ефективно родителство (Parent Effectiveness Training – PET), која станала позната како прва програма за обука на родители. Тој обучувал групи од по 14 родители во Пасадона, Америка. Гордон во својата книга од 1997 година „Умешноста на родителството" наведува многу практични насоки како да се развие во комуникацијата со детето „јазикот на прифаќање". Според него, прво и најважно правило е немешање во активноста на децата. Родителите често не се свесни колку често на своите деца им соопштуваат неприфаќање со тоа што се мешаат, проверуваат, приклучуваат, не ја почитуваат приватноста на детската соба, се мешаат во мислењето на детето кажувајќи му што е коректно и точно и добронамерно советуваат. Детскиот отпор и мрморење го сфаќаат како тврдоглавост и незадоволство од нивните педагошки намери да ги научат да работат подобро и поубаво. Во суштина, на тој начин, свесно или несвесно родителите ги покажуваат своите стравови и личната несигурност, а пак децата тоа го доживуваат како недостиг на доверба во детските умеења и способности. Покрај немешањето Гордон предлага развивање на вештини за активно слушање. Тоа значи дека родителот треба сериозно да ги сфаќа потребите и чувствата на детето и да сака да слушне што сака детето да му каже. Гордон наведува неколку начини на слушање и прифаќање:

- да се пушти детето да одговара само и да не се брза со давање одговори наместо него;
- да не се зборува за детето пред него во трето лице како да не е присутно;
- да не се контролира секое движење на детето;
- да му се дозволи само да се грижи за своето тело, колку ќе јаде, кога му е топло или ладно;
- да се поттикне детето да бара одговори и надвор од куќата;
- да не се брза со давање готови решенија;
- да не се распрашува многу, а да има волја за разговор кога тоа на детето му е потребно;
- да се покаже почит кон напорот на детето;
- да му се дозволи на детето да има свој избор;
- да не се воведува премногу „не“.

Ваквиот однос го развива чувството на прифатеност и доверба во себе. Во основа сигурно дете е дете што презема иницијатива, кое е спонтано и самостојно, затоа што верува во позитивните резултати на својата активност и во иднина. Според Гордон треба да се избегнуваат:

- наредби, насочувања и командувања;
- предупредување, застрашување, убедување;
- морализирање, проповедување;
- советување, нудење готови решенија и предлози;
- оценување, критикување, несложување, набедување;
- фалење и согласување;
- исмевање и посрамување;
- интерпретирање, анализирање, дијагностицирање;
- разуверување, тешење;
- повлекување

Сето ова се постапки на родителот со кои покажува прифаќање, доверба или неприфаќање и недоверба кон детето. Тоа се постапки на начинот на слушање на детето или изразување на нетрпение кон него. Сомнежот и недовербата кон детето го отежнува процесот на осамостојување на детето. Препорачливо е родителот да покаже

интересирање за активностите на детето затоа што тоа ќе ја зголеми мотивацијата и уживањето на детето во неговата дејност. Тоа е сигурен пат кон самоостварување и развој на сопствената единствена личност. Детето ја развива самодовербата и способноста за непристрасно проценување на сопствената личност потпирајќи се на мислењето на родителите. Стилот на воспитување влијае и врз социјалниот статус на детето во групата врсници и врз квалитетот на односот со другарот. Стилот на воспитување во семејството кај популарните деца е авторитативно-демократски, додека кај отфрлените деца преовладува авторитарно-рестриктивен воспитен стил. Доколку родителите се преполни со неумерени барања, кои се претерани за детето, а потоа критички настроени, детето секако ја губи довербата во сопствените сили. Тоа станува несигурно, преосетливо, опсесивно, плашливо. Таквото дете може да доживее неуспех во училиштето. Претерананата заштита или размазеност исто така, на детето го забавува психосоцијалното созревање. Кај овие деца често се јавуваат: немарност, попустливост или однесување на размазено дете. Таквото дете е склоно кон расправии, дрско, вообразено, себично е и им поставува на родителите претерани барања (Шурбановска, 2013).

Повеќето родители, при растењето на своите деца, се потпираат врз сопствените инстинкти или лични искуства во детството и семејното живеење. Понекогаш овие информации и знаења на родителот му помагаат, но понекогаш не, па дури и несвесно го носат во погрешна насока. Кога родителот прави грешки во воспитувањето на своето дете, тоа не е поради недостаток на љубов, туку поради незнаење на поефективни форми на воспитување. Понекогаш казнувањето на децата, особено физичкото казнување, во семејството се прифаќа како дел од традиционалното воспитување и се спроведува како начин на дисциплинирање на детето.

Доколку родителството се разбере како долгорочно патување, кое почнува од самото раѓање на детето и се одвива низ време и простор, потребно е родителот да го запознае сопатникот“, односно детето. Патувањето може да биде пријатно и без проблеми, но често е придружено со препреки, бури и дилеми како да се продолжи понатаму. Затоа се потребни знаци покрај патот кои ќе дадат подобри и правилни насоки и ќе го направат патувањето безбедно и попријатно, како за родителот така и за детето. Не може да барате здрава личност, без здрави односи во семејството. Позитивното родителство, како начин на воспитување на детето, промовира нов, позитивен, ненасилен пристап во родителството. Идејата за позитивно родителство води кон разграничување на строгиот

и попустливиот родителски пристап во воспитување на децата и промовирање на ненасилно родителство, со почитување на правата на детето и позитивно дејствување врз развојот на детскиот потенцијал, а во најдобар интерес на детето. Не можеме да говориме за позитивно родителство, кога родителот е премногу попустлив и му дозволува на детето да прави што сака, ниту кога родителот го удира детето, му вика или користи други алтернативни решенија кои во себе имаат елементи на занемарување и злоупотреба. Овие решенија имаат краткорочни ефекти и не подучуваат на подобро однесување. Спротивно на тоа, позитивно родителство значи родителско водство со многу љубов, емпатија и почитување на личноста на детето преку воспоставени правила и граници кои даваат долгорочни решенија.
Со примена на новите вештини и методи, кога се опкружени со внимание, грижа, поддршка и охрабрување, децата на сите возрасти почнуваат повеќе да соработуваат, позитивно да реагираат на неказнување и да покажуваат поголема флексибилности адаптибилност ( Петровска, 2018 ).

Личноста на детето не почнува да се гради со неговото доаѓање на свет туку многу порано, додека е во утробата на мајката.Според професорот Бенџамин Перкс претставник на УНИЦЕФ, последните три месеци од бременоста на мајката се исклучително битни при оформувањето на плодот. Секоја мајка која во овој период е изложена на силен стрес, го носи со себе ризикот на свет да донесе дете кое во процесот на раст и развој ќе ги покаже негативните последици од периодот на бременоста. Зошто родителите се огледало на детето? Според Бенџамин Перкс, периодот од 0 до 3 години е период кога детето во најголем процент го развива психомоторниот и сознајно лингвистичкиот развој. Со зацврстувањето на психомоторните способности кај детето се појавуваат комуникативно-односни фактори кои му помагаат при вклучување во колективниот живот. Само во здраво поставена фамилија со нормално воспоставени односи е возможно да се креираат овие битни карактерни особини. Според истражувањето на Бенџамин Паркс, сите деца кои се изложени на трауми во детството, во периодот на адолесценцијата, се личности кои многу полесно можат да бидат заведени, што значи „скршнувањето од патот“, кај овие лица е многу поверојатно, а со тоа и негативните последици врз личноста и фамилијата се многу поголеми.Едукативниот процес споредБенџаминПеркс може да исправи дел од недостатоците на не функционалното семејство, но како што вели и самиот професор, тој е само коректор, но не и фундамент во градењето на личноста.Секоја личност која

доаѓа на овој свет со себе носи генетски предиспозиции кои во процесот на развој се дооформуваат и надоградуваат во позитивна или негативна насока. Исклучително силно влијание врз процесот на градење на здрава личност е едукативниот процес кој детето го добива во претшколската возраст. Според Бенџамин Перкс оваа возраст е најважна за градење на една здрава и комплетна личност со сите психофизички и моторички карактеристики кој треба да ги поседува личноста.Меѓутоа колку и да е квалитетно образованието, доколку во средината каде што расте детето условите за развој се „поразителни“ исходот по развојот на детето на крајот ќе биде негативен, смета Бенџамин Паркс. Семејството и хармонијата која владее во оваа прва социјална средина исклучително силно го детерминира идниот развој на личноста. Според истражувањето на Бенџамин Паркс семејствата во кои има насилство од кој било вид, резултира со висок степен на ризик, пресметан со 1000% зголемување на веројатноста идната личност да прерасне во асоцијална и деструктивна личност, со манифестирање на деликвентно однесување.

Од овој тип на семејства се „регрутираат“ новите личности со девијантно однесување.Живееме во време кога семејството како институција губи на својата сила. Бројот на нефункционалните семејства драстично се зголемува, а со тоа и бројот на деца кои растат во вакви средини е се поголем. Бројот на личности со деструктивно однесување е во релација со бројот на нефункционалните семејства или семејства без хармонија. Препораката на Бенџамин Паркс е ургентна. Неопходно е сериозно третирање на овој проблем од страна на државата, со преземање на мерки кои ќе резултираат со враќање на институцијата семејство на „старите“ позиции, кога семејството беше столб на градењето на здрава и комплетна личност подготвена да се справи со животните предизвици (www.zenskimagazin.mk).

# 6. РЕЗУЛТАТИ ОД ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА

Прегледот на литературата од областа на развојна психологија, социјална психологија, педагогија, социјалната работа и други релевантни дисциплини ни покажува дека интересот за проучување на воспитните стилови на родителите како и агресивноста кај децата се повеќе се интензивира.

Во прилог на ова ќе бидат прикажани резултати од неколку емпириски истражувања кои се релевантни и ја поткрепуваат потребата за ова истражување од ваков вид кај нас.

Во едно истржување направено на 200 адолесценти, ученици во средно училиште во Ниш испитувана е поврзаноста меѓу воспитните стилови, особините на личноста и склоноста кон алкохол. Податоците кои се добиени покажале дека постои значајна поврзаност речиси на сите воспитни стилови и склоноста на злоупотреба на алкохол кај младите ( http://www.ncbi.nim.gov/pumbed/10611781, според Ангеловска 2009).

Се добило дека емоционалната топлина на таткото и на мајката се од неизмерно значење за развојот на свесноста како особина на личноста, додека недоследноста негативно корелира. Значи, додека мајката почесто критикува, казнува, навредува и отфрла, толку е помала веројатноста дека ќе се развие свесноста како особина на зрелата личност. Се добило дека емоционалната топлина на таткото и на мајката се од неизмерно значење за развојот на свесноста како особина на личноста, додека недоследноста негативно корелира. Значи, додека мајката почесто критикува, казнува, навредува и отфрла, толку е помала веројатноста дека ќе се развие свесноста како особина на зрелата личност.

Истражувањата на Тодоровиќ ( Todorovic, 2005 ) за поврзаноста на воспитните стилови и самопочитувањето кај адолесцентите покажале дека нестабилни самопроценки најчесто настануваат кај семејства каде се негува претерана контрола во воспитувањето. Таканаречениот претерано заштитнички стил, чии најважни обележја се контрола и надзор на однесувањето како и истакнување на високи барања во однос на детето посебно во поглед на училишниот успех, придонесува за развој на висок ЈАС идеал, но поттикнуваат и несигурност и непристоен однос кон себе и другите, па и кон сопствените вредности и цели.

Прикажаните стилови на односот на родителите кон детето најчесто резултираат со развивање на личносни особини и карактеристичен начин на однесување на детето со социјалната средина. Интеракцијата во семејството и особините на детето се прикажани на слика 1. ( според Vizek Vidovic I sor., 2003 )

| **Стил на интеракција** | **Однесување на родителот** | **Особини на детето** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Авторитарен (отфрлање и контрола)** | • Го вреднуваат конформизмот<br>• Дистанцирани се<br>• Не ги објаснуваат правилата<br>• Не ја поттикнуваат обостраната комуникација со детето | • Незадоволно<br>• Повлечено<br>• Се грижи како ќе го задоволи родителот |
| **Пермисивен (отфрлање и автономија)** | • Им даваат на децата потполна слобода<br>• Имаат малку очекувања и барања | • Незрело<br>• Има слаба самоконтрола<br>• Загрижено и несигурно |
| **Авторитативен-демократски (прифаќање и автономија)** | • Цврсти но загрижени<br>• Ги објаснуваат причините<br>• Доследни<br>• Имаат повисоки очекувања од детето | • Самодоверба<br>• Високо самопочитување<br>• Сигурно во себе<br>• Спремно да прифати ризик |

***Слика 1. Стил на интеракција во семејството и особините на детето ( Vizek Vidovic I sor., 2003 )***

Рохнер и соработниците ( 1980 ) известуваат дека родителското прифаќање и одбивање е поврзано со проблемите на однесувањето, сликата за себе, ниски училишни постигнувања, анкциозност, несигурност. Формите на интеракција на родителите со детето како што се високи барања, грубост и занемарување се значајно негативно поврзани со задоволството од семејството.

Во Ниш е спроведено истражување од страна на Stanojevicна примерок од 100 жени чија возраст била помеѓу 40 и 55 години и 100 студентки на возраст помегу 19 и 22 години со цел да се утврди дали постои поврзаност помеѓу партнерската афективна врска кај родителите и воспитниот стил кој тие го негуваат. Карактеристично за истражувањето е односот помеѓу мајките и ќерките, при што мајките го проценувале квалитетот на нивната поврзаност со нивните сопрузи, а ќерките со нивните мајки, но и татковци. Резултатите покажуваат дека лицата кои со партнерот имаат сигурна афективна врска од своите деца се доживеани како родители кои практикуваат демократски стил. Несигурната афективна поврзаност ( окупирачки, избегнувачки и плашлив ) статистички значајно се поврзани со либералниот воспитен стил и авторитарен стил ( http://www.psihologijans. org/godisnjak 2005-6.pdf ).

Односот родител-дете е многу важен за формирање на идентитетот и неговите афективни компоненти на самопочитувањето. Високо и стабилно самопочитување се развива во одредени семејни услови низ воспитно влијание на кое детето е изложено. Прикажани се резултатите од истражувањето на улогата на различните воспитни стилови во формирањето на стабилно самопочитување кај адолесцентите. Истражувањето е изведено во 8 средни училишта во Ниш на примерок од 280 ученици. Се покажало дека стабилното самопочитување е во корелација со емоционалната топлина и прифатеност на мајката; нестабилното самопочитување се поврзува со недоследност и презаштитување како воспитен стил, додека отфрлувањето како воспитен стил е поврзано со стабилно, но ниско самопочитување.

( Според Todorovic, http://www.psihologijans.org/godisnjak 2004.pdf ).

Hit ( Heath D., според Hrnjica, 1982 str. 109 ) покажал дека успешноста на родителите е директно поврзана со способноста за прилагодување на децата и со нивната зрелост. Од карактеристиките на брачната ситуација посебно значајно влијание врз децата имаат: слога меѓу родителите, адекватно комуницирање, сексуална прилагоденост на родителите и успешност на жената во улога на мајка.

Однесувањето на детето влијае, но и е под влијание на родителите; исто така тоа влијае, но и е под влијание на односот помеѓу мајката и таткото, и тоа со повратни влијанија и под влијание на природата на родителските активности. Тоа е опишано на слика 2. Со претпоставката дека добрите брачни односи обично се поврзуваат со задоволителен однос родител-дете, кој што од друга страна е поврзан со оптималниот развој на детето.




***Слика 2. Белсков модел на взаемни семејни влијанија ( Belsky, 1981 )***

Поврзаноста меѓу квалитетот на бракот и развојот на децата многу често била истакнувана. Goldberg I Easterbrooks ( 1984 ) утврдиле дека родителите со слаби брачни односи многу често со своите деца формираат несигурен однос. Според тоа се претпоставува дека бракот без тензии овозможува сензитивно поврзување на родителите со своите деца и воспоставување на сигурни взаемни односи меѓу родителите и децата. Врз карактерот на детето може да влијае видот на родителскиот однос, а исто така и квалитетот на брачниот однос. Кога меѓу родителите постои големо несогласување и недостаток на кохезија, се јавуваат повеќе конфликти меѓу самите деца ( Brody, Stoneman, McCoy, i Firehend, 1992 ).

За карактерот на детето и неговиот развој покрај видот на родителскиот однос, брачниот однос и семејството во целина, влијае и начинот на кој го вршат воспитувањето кон нивните деца, односно кој воспитен стил го применуваат.

Постојат исто така многу истражувања кои го истражувале агресивното однесување. Резултатите на некои истражувања оделе во прилог на вродената природа на агресивното однесување, некои пак укажуваат на агресивноста како на научено социјално однесување, а пак некои истражувања биле правени со цел да се утврди дали припадниците на машкиот пол се поагресивни од припадничките на женскиот пол и обратно. Истражувањата кои биле вршени во шеесетите години покажале дека деликвентното однесување се јавува невообичаено често меѓу пациентите од машки пол кај кои постоеле хромозомски аномалии. Се покажало дека агресивното однесување било поврзано со присуство на еден екстра Y хромозом кај машките ( наместо 46 хромозоми овие машки имале 47 хромозоми ). Тоа сугерира дека дополнителниот Y хромозом кај машките доведува до антисоцијално однесување но не е разјаснет механизмот на делување на хромозомските аберации на однесувањето. Меѓу најверојатните хипотези е онаа според која хромозомската аберација доведува до промени во нервниот систем ( претерана иритабилност на нервниот систем, недоволна развиеност на кората на големиот мозок ) што има за последици слабеење на инхибиторниот механизам на агресијата ( Hrnjica S., според Lazaroski, 1997, str.88 ).

Постојат многу причини за појава на агресивноста кај децата, една од причините за агресија може да биде појавата на одбранбен механизам кој се развива преку идентификација со агресивен родител од кого детето се плаши. Сигмунд Фројд основач на психоанализата, заклучил дека агресивните инстинкти кај детето се вродени и таа појава трае цел живот што се манифестира преку разни форми, на пример: преку мислата, говорот, надворешните активности и друго.

Во едно испитување ( J. R. Davitz., според Lazaroski, 1997, str.106 ) една група деца е наградувана за агресивни и компетитивни постапки, а друга за кооперативни и конструктивни. Кога поединци од овие групи биле изложени на фрустрација ( прекинато им е гледањето филм кој ги интересирал и одземени им се бомбоните кои им биле дадени ) набљудувано е нивното однесување при слободна игра. Се покажало дека оние деца кои биле наградувани за агресивни постапки, манифестирале повеќе агресивно однесување отколку оние кои биле наградувани за кооперативни постапки.

Често се поставува прашањето - *Дали машкиот пол е поагресивен од женскиот пол?*

Според тоа како добиен одговор е дека машкиот пол е поагресивен од женскиот пол, повеќето истражувања укажале на тоа дека агресивноста е “машки феномен”. Машките повеќе ја изразуваат физичката агресивност, додека пак женските вербалната агресивност. Идентични резултати се добиени и од едно истражување кое е спроведено на адолесценската популација, каде што се потврдува дека женскиот пол повеќе ја користи индиректната агресивност, а машкиот пол директната физичка агресивност.

Проучувањата на половите разлики во агресивните поведенија кај децата покажуваат дека момчињата се повеќе агресивни од девојчињата. Но кога се разгледуваат другите форми на агресивност ( вербалната или индиректната ), наодите не се еднозначни. Или не се добиле разлики меѓу момчињата и девојчињата, или девојчињата биле поагресивни ( Feshbach, според Шкариќ, 2002, стр.153 ). Во други испитувања момчињата покажале повеќе отворена, а девојчињата прикриена, индиректна агресивност ( Brodzinsky and al., според Шкариќ, 2002, стр.153 ).

Покрај големиот број на поединечни истражувања, за воспитните стилови на родителите, како и за агресивноста, во нашата земја и пошироко, не е направено истражување за влијанието на воспитните стилови на родителите врз степенот на агресивност кај учениците, што е голем недостаток и има голема потреба од истото. Поради тоа се одлучив на ваков вид на истражување, со цел на проучување на воспитните стилови, подобрување на односот родител-дете, како и намалувањето на агресијата кај учениците, за адекватно комуницирање, однесување и подобар однос родител-дете, за поефикасно функционирање и адаптирање во современото општество.

Во теоријата за емоцинални тренинзи, Готман како најважна компонента за развој го нагласува справувањето на родителите со негативните емоции кај децата. Меѓутоа, Бовен како поважни ги истакнува диференцијацијата и рамнотежата меѓу емоционалните и когнитивните реакции во семејството. Ова истражување не ги специфицира методите на родителство кои поттикнуваат здрава диференцијација. Меѓутоа, авторите претпоставуваат дека родителите, со емоционално тренирани родители, постигнуваат поздрава диференцијација отколку родителите кои биле под влијание на други стилови на воспитување.

Истражувањето за мерење на перцепцијата на родителските стилови на воспитување и диференцијација на себството спроведено врз 254 испитаници од кои, 129 женски и 125 машки, покажува дека кај машките испитаници неодобрувањето на стилот на нивните родители е поврзано со негативното доживување на себеси, додека кај женските испитаници, екстремното ниво на фузија, наспроти ниското ниво на емоцинален прекин е тесно поврзувано со емоционално студени родители и пред сé, ригидни мајки. Импликациите и ограничувањата се дискутабилни.

Во психолошката литература која се занимава со проблемот на воспитување се укажува на ефектот од различни начини на постапување спрема децата од аспецт на формирањето на личноста. Семејства во кои постои доверба, љубов помеѓу родителите, како и помеѓу родителите и децата, сосема е сигурно дека ќе придонесат да се изградат личности со позитивни особини (со чувство на независност, сигурност во себе).

Во нашата земја нема истражувања за компатибилноста на воспитниот стил на родителите со перцепцијата за воспитниот стил кај адолесцентите, но сепак постојат голем број истражувања за темата воспитни стилови.

Дорнбуш (Dornbusch, 1987) во своето истражување добил дека авторитарниот и попустливиот воспитен стил биле негативно поврзани со оценките на адолесцентите. Авторитарниот воспитен стил бил позитивно поврзан со академската перфоманса.

Стрејџ (Strage, 1999) ја испитувал улогата на воспитните стилови во животот на студентите. Резултатите покажале дека воспитните стилови продолжуваат да влијаат и кај студентите, како кај учениците и адолесцентите. Колку повеќе автономија и поддршка покажале родителите, толку самодовербата и постојаноста во однесувањето на студентите биле поголеми.

Многу истражувања се бавеле со прашањето за влијанието на различните стилови на родителското однесување на однесувањето на децата и нивниот развој (Vizler, 2004). Се покажало дека авторитативниот стил може да се поврзе со најпожелниот развоен исход кај децата. Овој стил се поврзува со поголема компетентност, самодоверба, независност, со поголем академски успех и одговорно однесување. Децата се снаодливи, полни со енергија, креативни, пријателски

расположени спрема другите и развиваат позитивно верување за себе и за своите постигнувања.

Децата на авторитарните родители покажуваат повеќе проблем во однесувањето. Тешко се прилагодуваат на социјалните ситуации, агресивни се и лесно избувнуваат. Често се повлечени, лошо расположени, уплашени, несреќни и често им недостасува спонтаност во однесувањето.

Пермисивниот родителски стил доведува до агресивно и импулсивно однесување кај децата. Децата се незрели и послабо се снаоѓаат во ситуациите во кои се сретнува авторитет.

Односот помеѓу однесувањето на родителите, прифаќањето и цврстата контрола за време на адолесценцијата испитувани се од страна на Џонс, Форхенд и Бич (Jones D., Forehand R. i Beach S., 2000). Според нив односот помеѓу родителите и децата поврзан е со внатрешниот модел на селф. Мајчиното прифаќање може да го подобри селф-концептот кај адолесцентите и да го зголеми отпорот на стрес. Доколку таткото е неспособен да пружи прифаќање и поддршка, а мајката неуспешна во спроведувањето на цврста контрола, кај адолесцентите расте ризикот од импулсивно однесување (Todorović, 2005).

Родителскиот стил ја модерира поврзаноста на родителското однесување и развојниот исход. Исти воспитни постапки применети во различен контекст ќе имаат различно влијание во детското однесување. Родителскиот стил влијае и на детската отвореност спрема родителските влијанија , така да децата чии родители се со различни стилови нема да бидат еднакво осетливи на родителското однесување (Darling i Steinberg, 1993).

# 7. ФОРМУЛИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Отсуството на податоци во однос на влијанието на родителските стилови на воспитување врз агресивноста кај децата, само по себе претставува проблем. Живеејќи со забрзан ритам на живот кој ни наметнува постојано да решаваме сложени проблеми, агресивното однесување во современото општество стануваат се поголем проблем. Една

од главните карактеристики на денешниот модерен начин на живот, во услови на незадоволени потреби, социо-економскиот статус, демографската средина, функционалноста и дисфункционалноста на семејството се најчести причини за појава на агресивно однесување, кое за жал е се позастапено кај младата популација. Истражувањата покажуваат дека односот помеѓу родителите и детето е основа за успешна социјализација на детето и за развојот на здрава личност. Според таа констатација се јавува потребата за истражување од ваков тип да се согледаат и утврдат причините и последиците кои произлегуваат од нив.

Ова истражување треба да даде одговор за тоа колку и кои стилови на воспитување на родителите влијаат врз степенот на агресивноста кај децата, и тоа колку агресијата е поизразена кај децата кои се разликуваат по социо-економскиот статус, полот и оние кои потекнуваат од функционални и дисфункционални семејства. Поради тоа од голема важност е познавањето на факторите кои влијаат на развојот на агресивното однесување, начините на превенција како и начините со кои може да се намали агресивното однесување.

Воспитните стилови подразбираат процена на родителите со кои воспитни постапки на најдобар начин ќе ги остварат своите воспитни цели, без да го нарушат својот емоционален однос кон детето. *Авторитативно родителство* – тие родители ја почитуваат посебноста на детето, тие се грижат и се чувствителни на проблемите на своето дете, но истовремено поставуваат јасни граници на однесување. *Авторитарното родителство* – Тие родители поставуваат високи барања кои не се пропратени со образложение. Во односот со децата ја користат силата и авторитетот. *Попустливо родителство* – Тие родители се емоционално топли и чувствителни кон детето, но во нивниот однос не се јасно дефинирани правилата и ограничувањата.*Рамнодушно родителство ( незаинтересирани родители )* – Тие родители не само што не се грижат и не го ограничуваат своето дете, туку и не му покажуваат емоционалност и топлина. Децата кои потекнуваат од семејства во кои постои меѓусебна доверба, љубов и другарски однос и помеѓу родителите и помеѓу родителите и децата стекнуваат попозитивни особини: независност, сигурност во себе, адаптибилност, добри социјални контакти отколку децата кои потекнуваат од семејства во кои има чести конфликти и во кои нема доволно грижа и љубов за нив. Недоволната грижа и недостатокот на љубов се причини за развој на општествено непожелни особини, како што се агресивност, непријателски став кон околината или пак повлеченост и пасивност.

Повеќето автори се сложуваат околу тоа дека агресивно однесување е она однесување кое се манифестира во напад на друга особа со намера да и се нанесе штета или таа да се повреди. Како агресивно однесување може да се смета и она однесување кое не предизвикува штета на друга особа, но, при кое постои намера за нанесување на истата. Се повеќе агресивното однесување е застапено во училиштата и претставува значаен социјален проблем.Покрај многуте појави кои влијаат за појава на агресивното однесување, а со самото тоа и брзиот начин на живот, односот родител – дете, се очекува без оглед на социо-економскиот статус, брачниот статус, работните обврски на родителите потребно е да одвојуваат што повеќе време за своите деца, неопходно е адекватно да комуницираат со нив, сослушување на нивните проблеми кои полесно се решаваат со здружени сили, соочување со истите, давање на позитивен фидбек и нивно вклучување во разгледување и разрешување на семејните проблеми, родителска поддршка, вклученоста на родителите во училиштето што е доста битно исто и поврзано со успехот на учениците како и со доброто функционирање и ефективноста на училиштата.

Семејството е социјален систем кој е најдобро изразен во контекст на влијанието врз развојот и однесувањето на детето и е примарен извор на раните искуства на детето. Интеракцијата на детето во семејството (со родителите) е значајно почеста отколку вон семејтвото така што семејството го сочинува неговиот социјалниот свет (Hartup I Lieshout, 1995).

Истражувањата покажуваат дека односот помеѓу родителите и детето е основа за успешна социјализација на детето и за развојот на здрава личност. Ова не е изненадувачки доколку се земе во превид дека семејството е прва социјална група во која се наоѓа детето после раѓањето во кое ги стекнува првите искуства, формира ставови, ги развива своите лични потенцијали и интерперсонални односи. Родителите имаат голема улога и во стекнувањето на знаења, вештини, карактеристики, вредности, ставови и слично. За психосоцијалниот развој на детето посебно се важни две димензии на родителски односи: родителска топлина и родителска контрола. Со комбинација на овие две димензии на родителскиот однос може да се разликуваат четири воспитни стилови на родителите.Воспитните стилови подразбираат процена на родителите со кои воспитни постапки на најдобар начин ќе ги остварат своите воспитни цели, без да го нарушат својот емоционален однос кон детето.Под воспитен стил на родителите се подразбира релативно доследен начин на однесување на родителите, со кој се

воспоставува  однос кон децата (Matejevic, 2000).Родителските стилови се разликуваат во однос на две основи димензии: 1.дали интеракцијата е со љубов или е спротивна на ова – со непријателство и 2.дали се тие попустливи родители или се со авторитарна контрола. Се издвојуваат неколку стилови на родителство ( Vizek Vidovic и сор .,2003 ): *Авторитативно родителство*, *Авторитарното родителство, Попустливо родителство, Рамнодушно родителство (незаинтересирани родители).*

Рохнер и соработниците ( 1980 ) известуваат дека родителското прифаќање и одбивање е поврзано со проблемите на однесувањето, сликата за себе, ниски училишни постигнувања, анкциозност, несигурност. Формите на интеракција на родителите со детето како што се високи барања, грубост и занемарување се значајно негативно поврзани со задоволството од семејството.

Родителското одбивање е попврзано со агресивното однесување и недругарството кон децата, негативната самоефикасност и зависност ( Рохнер, 1980 ). Со генерализирање на чувството на незадоволство, несигурност, децата тие исти чувства ги покажуваат и во други социјални опкружувања.Живеејќи со забрзан ритам на живот кој ни наметнува постојано да решаваме сложени проблеми, агресивното и антисоцијалното однесување во современото општество стануваат се поголем проблем.Една од главните карактеристики на денешниот модерен начин на живот, во услови на незадоволени потреби е појавата на агресија, како причини за тоа однесување се земаат во предвид социјалната и демографската средина која го опкружува поединецот. Повеќето автори се сложуваат околу тоа дека агресивно однесување е она однесување кое се манифестира во напад на друга особа со намера да и се нанесе штета или таа да се повреди. Како агресивно однесување може да се смета и она однесување кое не предизвикува штета на друга особа, но, при кое постои намера за нанесување на истата. Агресивното однесување е опишано со висок степен на аверзивно однесување кон другите, покажување на лутина што резултира со социјална отфрленост ( Graham i Hoehn, 1995 ). Агресивното однесување во училиштето е значаен социјален проблем.Тоа значајно влијае на социјалниот развој на децата и е поврзано со негативните исходи во подоцнежниот период како што се  деликвенција, социјални проблеми или проблеми на менталното здравје. Поради тоа од голема важност е познавањето на факторите кои влијаат на развојот на агресивното однесување, начините на превенција како и начините со кои може да се намали агресивното однесување. Воспитните мерки кои родителите

ги користат во вид на казнување и присила може да послужат како неадекватен модел кој децата го имитираат и го користат во некои други социјални опкружувања.

Но, аналогно на горенаведеното се поставува прашањето – ***Дали родителските стилови на воспитување влијаат врз функционалноста на семејството кај студентите. Отсуството на одговори, како во рамките на нашите граници, така и пошироко, претставува мотив за истражување кое е насочено кон посакуваниот одговор.***

# 8. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

*Општата цел* на ова истрашување е да се добие сознание за тоа дали постои поврзаност помеѓу воспитните стилови на воспитување на родителите и функционалноста на семејството.

## 8.1 Научна цел на истражувањето

*Научна цел* на истражувањето е да се утврди дали и колку воспитните стилови на воспитување кај родителите влијаат врз функционалноста на семејството. Во ова истражување ќе бидат студенти од помагателни професии. Ова истражување треба да ни даде слика за тоа кои воспитни стилови ги употребуваат родителите и дали истите се поврзани со функционалноста на семејството.

Истражувањето има *задача* да утврди:

- Дали воспитните стилови на родителите влијаат врз функционалноста на семејството?
- Дали функционалноста на семејството зависи од полот на децата?
- Дали функционалноста на семејството зависи од тоа дали живеат во руралната и урбаната средина?
- Дали социоекономскиот статус на семејството влијае врз функционалноста на семејството?

## 8.2 Практична цел на истражувањето

Во согласност со претходните поставени цели и задачи*, практичната цел* на ова истражување е да се развие и подобри односот родител-дете, начинот на воспитување, адекватна комуникација, сослушување, соочување со проблеми и промени како и нивно заедничко разрешување, вклучување на родителите во училиштата што е доста битно и поврзано со успехот и функционирањето во училиштето, се со цел да се подобри, да се превенира односно да се намали агресивноста кај децата под ризик, што претставува значаен социјален проблем.

# 9. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 9.1 Теоретско определување на предметот на истражување

Основен предмет на ова истражување е да се испита влијанието на воспитните стилови на родителите врз степенот на агресивност кај учениците. Ова истражување треба да ни даде слика за тоа кои воспитни стилови ги користат родителите при воспитувањето на децата, каков е односот родител-дете, колку истите влијаат врз начинот на нивното однесување, начинот на нивно прифаќање од страна на децата, нивно подобрување и начинот на примена.

Исто така, треба да ни даде слика и за тоа колку агресивноста кај учениците зависи од социо-економскиот статус во семејството, од функционалноста и дисфункционалноста на семејството, местото на живеење рурална/урбана средина, можните разлики кои постојат помеѓу нив, но и според полот на кој припаѓаат.

### 9.1.1 Дефинирање на клучни поими

Клучните поими кои се сретнуваат во ова истражување се следните:

- **Воспитни стилови**

Воспитните стилови подразбираат процена на родителите со кои воспитни постапки на најдобар начин ќе ги остварат своите воспитни цели, без да го нарушат својот емоционален однос кон детето.Под воспитен стил на родителите се подразбира релативно доследен начин на однесување на родителите, со кој се воспоставува однос кон децата ( Matejevic, 2000 ).

- **Пол**

Се однесува на родот на кој припаѓаат учениците ( машки/женски ).

- **Социоекономски статус**

Се однесува на економската состојба на семејството, на месечниот надоместок или хонорар што го заработуваат и нивото на луѓето во општеството.

- **Функционално/дисфункционално семејство**

- Функционално семејство се подразбира хармонично семејство, со непосредни блиски односи помеѓу членовите на семејството, составено од родители и деца кои живеат во заедништво.
- Дисфункционално семејство е она семејство во кое има нарушени семејни односи или она семејство каде што настанало растурање на заедницата, односно со развод на брак.

- **Рурална/урбана средина**

- Рурална средина или селска средина, место кое е одалечено од градот.
- Урбана средина или градска средина.

### 9.1.2 Формулација на општата хипотеза

Во врска со поставениот проблем на истражување поставени се две групи хипотези:

А. Постои разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови меѓу родителите и социјалната перцепцијата на воспитните стилови од страна на адолесцентите.

А1. Постои разлика во автоперцепцијата на мајката и перцепцијата на адолесцентот за нејзиниот воспитен стил.

Од оваа хипотеза се извлечени следните субхипотези:

А1.1 Постои разлика во автоперцепцијата на мајката и перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил отфрлање.

А1.2 Постои разлика во автоперцепцијата на мајката и перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил претерана заштита.

А1.3 Постои разлика во автоперцепцијата на мајката и перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил емоционална топлина.

А1.4 Постои разлика во автоперцепцијата на мајката и перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил недоследност.

А1.5 Постои разлика во автоперцепцијата на мајката и перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил фаворизирање.

А2. Постои разлика во автоперцепцијата на таткото и перцепцијата на адолесцентот за неговиот воспитен стил.

Од оваа хипотеза се извлечени следните субхипотези:

А2.1 Постои разлика во автоперцепцијата на таткото и перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил отфрлање.

А2.2 Постои разлика во автоперцепцијата на таткото и перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил претерана заштита.

А2.3 Постои разлика во автоперцепцијата на таткото и перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил емоционална топлина.

А2.4 Постои разлика во автоперцепцијата на таткото и перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил недоследност.

А2.5 Постои разлика во автоперцепцијата на таткото и перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил фаворизирање.

Б. Постојат разлики во воспитните стилови на родителите.

Б1. Постои разлика во автоперцепцијата на родителите за воспитниот стил отфрлање.

Б2. Постои разлика во автоперцепцијата на родителите за воспитниот стил претерана заштита.

Б3. Постои разлика во автоперцепцијата на родителите за воспитниот стил емоционална топлина.

Б4. Постои разлика во автоперцепцијата на родителите за воспитниот стил недоследност.

Б5. Постои разлика во автоперцепцијата на родителите за воспитниот стил фаворизирање.

Овие хипотези ќе бидат тестирани и нивното прифаќање би значело отфрлање на нултата хипотеза, односно присуство на статистички значајни разлики помеѓу аритметичките средини. Доколку не постојат статистички значајни разлики меѓу аритметичките средини, тогаш нултата хипотеза ќе биде прифатена, а истражувачката отфрлена.

## 9.2 Варијабли на истажувањето

Од предметот на предложеното истражување, како *варијабли* се јавуваат:

- *Родителските стилови* ( Авторитативно родителство, Авторитарното родителство, Попустливо родителство, Рамнодушно родителство ( незаинтересирани родители ).
- *Полот на учениците*
- *Социо-економскиот статус*
- *Функционално/дисфункционално семејство*
- *Рурална/урбана средина.*

### 9.2.1 Операционализација на клучните поими

Со операционалното определување ги расчленуваме дефинициите на поими на неколку дела и тоа:

- **Воспитни стилови**

Се издвојуваат неколку воспитни стилови и тоа;

→ *Авторитативно родителство* – тие родители ја почитуваат посебноста на детето, тие се грижат и се чувствителни на проблемите на своето дете, но истовремено поставуваат јасни граници на однесување.

→ *Авторитарното родителство* – Тие родители поставуваат високи барања кои не се пропратени со образложение. Во односот со децата ја користат силата и авторитетот.

→ *Попустливо родителство* – Тие родители се емоционално топли и чувствителни кон детето, но во нивниот однос не се јасно дефинирани правилата и ограничувањата.

→ *Рамнодушно родителство ( незаинтересирани родители )* – Тие родители не само што не се грижат и не го ограничуваат своето дете, туку и не му покажуваат емоционалност и топлина.

# 10. МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 10.1 Пристап – истражувачка стратегија

Проблемот на ова истражување ќе биде проверен со квантитативна методологија, а податоците проверени со корелациска анализа и споредба на аритметички средини помеѓу испитаниците. Квантитативниот приод ќе биде употребен при формулирање на хипотезите, анализа на односите помеѓу варијаблите, за таа цел. Ќе се спроведе анкета со прашалник на студенти од Филозофски факултет.

Податоците кои ќе бидат добиени во ова истражување, ќе бидат средени, прегледани, а потоа ќе бидат пресметани основните показатели кои ќе се користат во статистичкото заклучување. За опис на квантитативните податоци добиени од ова истражување ќе се користи Аритметичка средина која претставува збир на мерни податоци, поделени со бројот на мерења и стандардно отстапување. Постапка за пресметување на корелација на варијаблите -Пирсоноф коефициент на корелација, и t-тест на значајност на разлики помеѓу аритметичките средини. Очекуваме корелациската анализа да покаже значајна поврзаност помеѓу варијаблите кои се предмет на ова истражување. Со примената на t-тестот на значајност на разлики помеѓу аритметичките средини очекуваме да добиеме значајна разлика помеѓу аритметичките средини на испитаниците во однос на социо-економскиот статус, полот, функционалното и дисфункционалното семејство, местото на живеење како и примената на воспитните стилови на родителите.

## 10.2 Инструменти

За испитување на воспитните стилови на родителите ќе користиме **EMBU** скалата (**Egna Minnen av Bardnoms Uppfostran**) или преведено едно сеќавање за воспитувањето. Оваа скала е конструирана од шведскиот истражувач Perris и е адаптирана во Холандија од страна на Arrindell ( 1983 ). Станува збор за скала од Ликтеров тип и содржи пет субскали: емоционална топлина и прифаќање, претерана заштита, отфрлање, недоследност и фаворизирање. **Субскалата емоционална топлина и прифаќање** ја сочинуваат 17 ајтеми кои се однесуваат на покажување љубов, топлина и внимание, давање поддршка на детето и др. Ајтеми кои се однесуват на оваа скала се: 2, 9, 16, 23, 24, 30, 31, 32, 36, 37, 40, 42, 50, 57, 58, 61, 64. Минимален скор на оваа скала е 17, а максимален е 60. **Субскалата претерана заштита** ја сочинуваат 15 ајтеми и ја опфаќа емоционалната приврзаност и доминација на родителите кои влијаат врз децата на различни начини. Ајтеми кои се однесуваат на оваа скала се: 1, 6 , 10, 13, 15, 19, 27, 29, 34, 35, 38, 49, 53, 56. Минимален скор на оваа скала е 25, а максимален 100. **Субскалата отфрлање** е опфатена со 25 ајтеми кои се однесуваат на претераното отфрлање на детето од страна на родителите, отвореното покажување на негативни чувства и друго. Ајтеми кои се однесуваат на оваа скала се: 4, 5, 7, 11, 12, 14, 17, 18, 21, 25, 26, 28, 33, 41, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 51, 54, 55, 59, 60. Минимален скор на оваа скала е 25 а максимален е 100. **Субскалата недоследност** ја сочинуваат 7 ајтеми, и го опфаќа различното однесување на родителите од ситуација до ситуација така што еднаш наградуваат еден вид на однесување, а друг пат не реагираат или го казнуваат истото. Ајтеми кои се однесуваат на оваа скала се првите 7 кои покрај бројот на прашањето ја содржат и буквата а. Минимален скор на оваа скала е 7, а максимален 28. **Субскалата фаворизирање** подразбира привилигирана положба на детето во однос на другите деца во семејството. Ајтеми кои се однесуваат на оваа скала се: 3, 8, 22, 62, 63. Минималниот скор на оваа скала е 5, а максималниот е 20.

- **Пол** – полот е мерен преку одговор на прашање за припадност на полот ( машки/женски пол ).
- **Социо-економскиот статус** – е мерен преку одговор на прашање колку изнесуваат приходите во семејството ( од 7.000 до 15.000, од 15.000 до 25.000 и над 25.000 ).

- **Функционално/дисфункционално семејство** – е мерено преку одговор на прашањето ( вашето семејство е - функционално или дисфункционално ).
- **Рурална/урбана средина** – е мерена преку одговор на прашање ( место на живеење град/село ).

## 10.3 Обработка и анализа на податоците добиени со истражувањето

Прашалниците кои беа спроведени во ова истражување, за истите беа потребни околу 45 минути за пополнување. Истражувањето беше спроведено во Скопје, во Филозофски факултет, Македонија. Во истражувањето беа опфатени ученици од четвртта година, односно ученици од три паралелки ( 60 испитаници ). За испитување на воспитните стилови на родителите користиме **EMBU**скалата (**Egna Minnen av Bardnoms Uppfostran**). Оваа скала е конструирана од шведскиот истражувач Perris и е адаптирана во Холандија од страна на Arrindell ( 1983 ). Станува збор за скала од Ликтеров тип и содржи пет субскали: емоционална топлина и прифаќање, претерана заштита, отфрлање, недоследност и фаворизирање.За испитување на степенот на агресивност кај учениците се користат два теста на агресивност. Првиот тест се однесува на агресивност насочена кон себе, а вториот тест се однесува на агресивност која е насочена кон другите. Тестот што се спроведе е од Константин Момировиќ, Петар Косиќ и Анкица Хошек. За опис на квантитативните податоци добиени од ова истражување се користи Аритметичка средина која претставува збир на мерни податоци, поделени со бројот на мерења и стандардно отстапување. За да се потврдат и отфрлат поставените во истражувањето се пресмета t-тест и АНОВА со што се утврди значајност на разлики помеѓу групите и Пирсоноф коефициент на корелација помеѓу варијаблите. О добиените резултати се донесе заклучок дека постои поврзаност на родителските стилови и агресивноста кај учениците.

# 11. ИСПИТАНИЦИ

За потребите на ова истражување е формиран пригоден примерок испитаници, кој опфаќа 65 студенти од Филозофски факултет и нивните родители. Во ова истражување се вклучени вкупно 195 испитаници, 65 ученици (27 машки и 38 женски испитаници) и 130 родители (за секој ученик двајцата родители).

За обработка беа земени само целосно пополнети прашалници. Прашалниците на испитаниците кои живеат само со еден родител и немаат браќа и сестри не беа земени за понатамошна обработка.

Табела 1. Структура на примерокот опфатен во истражувањето

| Испитаници | женски | машки | вкупно |
|---|---|---|---|
| Адолесценти | 38 | 27 | 65 |
| Родители | 65 | 65 | 130 |

## 11.1 Постапка

Во ова истражување беше користен прашалникот ЕМБУ, за проценување на воспитните стилови на родителите од страна на нивните деца и преработената верзија на ЕМБУ која се однесува на самопроценување на воспитните стилови на родителите.

Пред почетокот на делењето на прашалниците испитаниците беа информирани дека нивното учество во ова истражување е на доброволна основа, а добиените резултати ќе се употребат за изработка на дипломска работа. Им беше објаснето дека не постојат точни и неточни одговори, сите одговори се точни кои се базирани на искреност. Беше укажано дека ќе се почитува анонимноста на нивните одговори. Прво им беше поделен прашалникот ЕМБУ и им беше објаснет начинот на одговарање на истиот.

Пополнувањето на прашалникот од страна на адолесцентите траеше 40 минути. Немаше некои посебни недоразбирања околу пополнувањето на овој прашалник. Откако го пополнија ЕМБУ на адолесцентите им беше поделена верзијата на ЕМБУ за родители, и беа замолени таа верзија да биде доставена на нивните родители. Прашалниците беа вратени после два дена.

Откако ги добив и прашалниците кои ги пополнуваа родителите. Им се заблагодарив за соработката, времето кое го посветија, за тоа што беа дел од ова истражување и за тоа што ми помогнаа да добијам податоци кои ќе бидат употребени за изработка на дипломска работа.

## 11.2 Статистичка обработка на податоците

Податоците добиени по примената на тестовите најпрво беа оценети според утврдениот критериум. За да се проверат поставените хипотези во врска со проблемот што се истражува се користени следните статистички постапки:

- мерки на централна тенденција
- мерки на варијабилност и
- тестирање на разлики меѓу аритметички средини

После оценувањето на тестовите според дадениот критериум, се пресметани аритметичките средини (M), за перцепцијата на воспитните стилови на родителите од страна на адолесцентот и аритметичката средина за самоперцепијата на воспитните стилови на двајцата родители. Аритметичката средина дава увид во просечните постигнувања на испитаниците на секоја мерена варијабла, како и одстапувањата од теориската аритметичка средина.

Во понатамошната обработка се пресметани стандарните одстапувања за мерените варијабли. Стандардното отстапување ни дава просек на отстапувањата на поединечните мерки од аритметичката средина за целата група.

Тестирани беа и разлики меѓу аритметичките средини со т-тест. Со т-тест се утврдува дали постои разлика меѓу аритметичките средини.

## 12. РЕЗУЛТАТИ

Истражувањето прикажано во овој дипломски труд е спроведено со цел да се утврди дали постои разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови од страна на родителите и социјалната перцепцијата на истите воспитни стилови од страна на нивните деца. Во согласно со поставениот проблем на истражување ќе бидат разгледани и добиените резултати.

Табела 2. Аритметички средини, стандардни отстапувања, опсег на најниски и највисоки постигнати скорови, опсег на најниски и највисоки скорови кои може да се добијат на ЕМБУ, врз основа на перцепцијата на адолесцентите за воспитните стилови на мајката.

| МАЈКА | ТЕОРИСКА М | ЕМПИРИСКА М | СД | НАЈНИЗОК СКОР НА СКАЛАТА | НАЈВИСОК СКОР НА СКАЛАТА | НАЈНИЗОК ПОСТИГНАТ СКОР | НАЈВИСОК ПОСТИГНАТ СКОР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОТФРЛАЊЕ** | **62.50** | **33.15** | **5.94** | **25** | **100** | **25** | **55** |
| **ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА** | **37.50** | **31.83** | **5.69** | **15** | **60** | **21** | **46** |
| **ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА** | **42.50** | **50.61** | **8.95** | **17** | **68** | **23** | **67** |
| **НЕДОСЛЕДНОСТ** | **17.50** | **12** | **2.89** | **7** | **28** | **8** | **23** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ** | **12.50** | **7.60** | **2.35** | **5** | **20** | **5** | **16** |

Врз основа на резултатите прикажани во Табела 2 евидентно е дека воспитниот стил емоционална топлина и прифаќање има повисока емпириска аритметичка средина од теоретската, додека кај воспитните стилови отфрлање, претерана заштита, недоследност и фаворизирање емпириската аритметичка средина е пониска од теоретската.

Табела 3. Аритметички средини, стандардни отстапувања, опсег на најниски и највисоки постигнати скорови, опсег на најниски и највисоки скорови кои може да се добијат на ЕМБУ, врз основа на перцепцијата на адолесцентите за воспитните стилови на таткото.

| ТАТКО | ТЕОРИСКА М | ЕМПИРИСКА М | СД | НАЈНИЗОК СКОР НА СКАЛАТА | НАЈВИСОК СКОР НА СКАЛАТА | НАЈНИЗОК ПОСТИГНАТ СКОР | НАЈВИСОК ПОСТИГНАТ СКОР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОТФРЛАЊЕ** | **62.50** | **34.09** | **6.76** | **25** | **100** | **25** | **61** |
| **ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА** | **37.50** | **32.46** | **6.02** | **15** | **60** | **21** | **44** |
| **ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА** | **42.50** | **50.25** | **15.11** | **17** | **68** | **25** | **64** |
| **НЕДОСЛЕДНОСТ** | **17.50** | **12.38** | **3.10** | **7** | **28** | **7** | **22** |
| **ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ** | **12.50** | **7.75** | **2.54** | **5** | **20** | **5** | **17** |

Емпириските аритметички средини за четирите воспитни стилови отфрлање, претерана заштита, недоследност и фаворизирање, се пониски од теоретски аритметички средини, додека емпириската аритметичка средина за воспитниот стил емоционална топлина и прифаќање е повисока од теориската аритметичка средина (Табела 3).

Табела 4. Аритметички средини, стандардни отстапувања, опсег на најниски и највисоки постигнати скорови, опсег на најниски и највисоки скорови кои може да се добијат на ЕМБУ за родители, врз основа на автоперцепција на мајката.

| МАЈКА | ТЕОРИСКА М | ЕМПИРИСКА М | СД | НАЈНИЗОК СКОР НА СКАЛАТА | НАЈВИСОК СКОР НА СКАЛАТА | НАЈНИЗОК ПОСТИГНАТ СКОР | НАЈВИСОК ПОСТИГНАТ СКОР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОТФРЛАЊЕ** | **62.50** | **30.48** | **5.50** | **25** | **100** | **25** | **51** |
| **ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА** | **37.50** | **32.30** | **6.08** | **15** | **60** | **22** | **50** |
| **ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА** | **42.50** | **54.89** | **6.20** | **17** | **68** | **31** | **66** |
| **НЕДОСЛЕДНОСТ** | **17.50** | **11.48** | **3.02** | **7** | **28** | **7** | **19** |
| **ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ** | **12.50** | **7.95** | **1.92** | **5** | **20** | **5** | **15** |

Од скоровите што ги добивме за мајката на прашалникот ЕМБУ (Табела 4), може да се забележи дека воспитните стилови отфрлање, претерана заштита, недоследност и фаворизирање имаат пониска емпириска од теориска средина, додека воспитниот стил емоционална топлина има повисока емпириска од теоретска аритметичка средина.

Табела 5. Аритметички средини, стандардни отстапувања, опсег на најниски и највисоки постигнати скорови, опсег на најниски и највисоки скорови кои може да се добијат на ЕМБУ за родители, врз основа на автоперцепцијата на таткото.

Воспитниот стил емоционална топлина и прифаќање има повисока емпириска аритметичка средина од теоретската, додека другите воспитни стилови (отфрлање, претерана заштита, недоследност и фаворизирање) имаат повисока теоретска аритметичка средина (Табела 5).

| ТАТКО | ТЕОРИСКА М | ЕМПИРИСКА М | СД | НАЈНИЗОК СКОР НА СКАЛАТА | НАЈВИСОК СКОР НА СКАЛАТА | НАЈНИЗОК ПОСТИГНАТ СКОР | НАЈВИСОК ПОСТИГНАТ СКОР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОТФРЛАЊЕ** | **62.50** | **32.48** | **7.34** | **25** | **100** | **25** | **56** |
| **ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА** | **37.50** | **33.00** | **6.02** | **15** | **60** | **22** | **51** |
| **ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА** | **42.50** | **52.83** | **8.05** | **17** | **68** | **25** | **66** |
| **НЕДОСЛЕДНОСТ** | **17.50** | **11.83** | **3.07** | **7** | **28** | **7** | **19** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ** | **12.50** | **7.78** | **2.05** | **5** | **20** | **5** | **15** |

Во продолжение се дадени добиените резултати од тестирањето на разликите меѓу перцепцијата на воспитните стилови на родителите и нивните деца.

Табела 6. Значајност на разлики во автоперцепцијата на мајката и перцепцијата на адолесцентитете за нејзиниот воспитен стил.

| **МАЈКА N=65** | | **АДОЛЕСЦЕНТИ N=65** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **M** | **σ** | **M** | **σ** | **D** | **σD** | **t** | **p** |
| **ОТФРЛАЊЕ** | | | | | | | |
| **30.48** | **5.50** | **33.15** | **5.94** | **- 2.67** | **0.98** | **- 2.72** | **< 0.01** |
| **ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА** | | | | | | | |
| **32.30** | **6.08** | **31.83** | **5.69** | **0.47** | **1.01** | **0.46** | **> 0.05** |
| **ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА** | | | | | | | |
| **54.89** | **6.20** | **50.61** | **8.95** | **4.28** | **1.32** | **3.24** | **< 0.01** |
| **НЕДОСЛЕДНОСТ** | | | | | | | |
| **11.48** | **3.02** | **12** | **2.89** | **- 0.52** | **0.51** | **- 1.02** | **> 0.05** |
| **ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ** | | | | | | | |
| **7.95** | **1.92** | **7.60** | **2.35** | **0.35** | **0.37** | **0.95** | **> 0.05** |

Наодите од тестирањето на хипотезите од група А1 ја потврдуваат единствено субхипотезата А1.1, односно се потврдува дека постои разлика во автоперцепцијата на мајката и перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил отфрлање.

Исто така, се потврдува и субхипотезата A1.3, односно се потврдува дека постои разлика во автоперцепцијата на мајката и перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил емоционална топлина.

Другите субхипотези од групата A1 не се потврдија (Табела 6).

Табела 7. Значајност на разлики во автоперцепцијата на таткото и перцепцијата на адолесцентитете за неговиот воспитен стил.

| **ТАТКО N=65** | | **АДОЛЕСЦЕНТИ N=65** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **M** | **σ** | **M** | **σ** | **D** | **σD** | **t** | **p** |
| **ОТФРЛАЊЕ** | | | | | | | |
| **32.48** | **7.34** | **34.09** | **6.76** | **- 1.61** | **1.21** | **- 1.33** | **> 0.05** |
| **ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА** | | | | | | | |
| **33** | **6.02** | **32.46** | **6.02** | **0.54** | **1.03** | **0.52** | **> 0.05** |
| **ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА** | | | | | | | |
| **52.83** | **8.05** | **50.25** | **15.11** | **2.58** | **2.07** | **1.25** | **> 0.05** |
| **НЕДОСЛЕДНОСТ** | | | | | | | |
| **11.83** | **3.07** | **12.38** | **3.10** | **- 0.55** | **0.53** | **- 1.04** | **> 0.05** |
| **ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ** | | | | | | | |
| **7.78** | **2.05** | **7.75** | **2.54** | **0.03** | **0.39** | **0.08** | **> 0.05** |

Наодите од тестирањето на хипотезите од група A2 не се потврдија, односно не се потврди дека постои разлика во автоперцепцијата на таткото и перцепцијата на адолсцентот за неговиот воспитен стил (Табела 7).

Табела 8. Значајност на разлики во воспитните стилови на родителите.

| **МАЈКА N=65** | | **ТАТКО N=65** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **M** | **σ** | **M** | **σ** | **D** | **σD** | **t** | **p** |
| **ОТФРЛАЊЕ** | | | | | | | |
| **30.48** | **5.50** | **32.48** | **7.34** | **- 2** | **1.11** | **- 1.80** | **< 0.05** |
| **ПРЕТЕРАНА ЗАШТИТА** | | | | | | | |
| **32.03** | **6.08** | **33** | **6.02** | **- 0.7** | **1.04** | **- 0.67** | **> 0.05** |
| **ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА** | | | | | | | |
| **54.89** | **6.20** | **52.83** | **8.05** | **2.06** | **1.23** | **1.67** | **< 0.05** |
| **НЕДОСЛЕДНОСТ** | | | | | | | |
| **11.48** | **3.02** | **11.83** | **3.07** | **- 0.35** | **0.52** | **- 0.67** | **> 0.05** |
| **ФАВОРИЗИРАН СУБЈЕКТ** | | | | | | | |
| **7.95** | **1.92** | **7.78** | **2.05** | **0.17** | **0.34** | **0.50** | **> 0.05** |

Наодите од тестирањето на хипотезите од група Б ја потврдуваат единствено субхипотезата Б1, односно се потврдува дека постои разлика во автоперцепцијата на родителите за воспитниот стил отфрлање.

Исто така, се потврдува и субхипотезата Б3, односно се потврдува дека постои разлика во автоперцепцијата на родителите за воспитниот стил емоционална топлина.

Другите субхипотези од групата Б не се потврдија (Табела 8).

# 13. ДИСКУСИЈА

Според добиените резултати може да се заклучи дека постои разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови од страна на мајката и перцепцијата на воспитните стилови од страна на адолесцентот, како и разлики во автоперцепцијата на воспитните стилови помеѓу мајката и таткото на адолесцентите. Исто така може да се забележи дека не постои разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови од страна на таткото и перцепцијата на воспитните стилови на адолесцентот, спроведено кај студенти од Филозофски факултет и нивните родители.

Разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови на мајката и социјалната перцепцијата на воспитните стилови од страна на адолесцентите

Адолесценцијата е период кога се случуваат бурни промени, во физичкиот изглед, интелектуалната сфера и социјалниот живот. Се создава и доградува сопствениот идентитет, за кој е многу значајна поддршката од родителите и потесното социјално опкружување. Истите работи од страна на адолесцентите и нивните родители различно се перцепираат. Родителите се загрижени за правилниот развој на своите деца, додека адолесцентите размислуваат како да се оттргнат ор родителското влијание и да започнат самостоен живот.

Според добиените резултати може да се заклучи дека постои разлика во перцепцијата на воспитниот стил отфрлање помеѓу мајката и адолесцентите и истата е значајна на ниво 0.01. Низ историјата на различните општествени уредувања може да се забележи дека грижата околу чувањето на децата е препуштено најчесто на мајката. Таа и во денешното општество ја превзема истата улога и најчесто таа има функција на

советодавец за идниот живот. Поради тоа адолесцентот најчесто доаѓа во конфликти со неа, но и со таткото кој се јавува како советодавец околу училишниот успех и идното школување.

Не постои статистички значајна разлика во перцепцијата на воспитниот стил претерана заштита од страна на адолесцентот и неговата мајка, се отфрла истражувачката хипотеза а се прифаќа нултата хипотеза. Во однос на овој воспитен стил перцепцијата на адолесцентот не се разликува од перцепцијата на неговата мајка. Користејќи го овој воспитен стил родителите на детето му создаваат погрешна слика за светот и притоа ги намалуваат нивните иницијативи.

Во однос на воспитниот стил емоционална топлина и прифаќање постои статистички значајна разлика помеѓу перцепцијата на адолесцентите и нивните мајкии и истата е значајна на ниво 0.01 . Интересот на мајката за случувањата во секојдневниот живот на адолесцентот може да предизвикаат бунт кај адолесцентите, бидејќи тие се обидуваат да се отргнат од родителското влијание и да се приклучат во група слични на нив каде што ќе бидат прифатени. Наметнувајќи постојано свои правила мајката може да биде погрешно доживеана од своите деца и да се јави конфликт меѓу нив. Поради тоа мајката може да верува и да ги воспитува децата со љубов и разбирање, а тоа од бунтовниот адолесцент да биде протлокувана сосема обратно.

По однос на воспитниот стил недоследност, не постои статистички статистички значајна разлика помеѓу перцепцијата на адолесцентите и нивните мајки. Недоследност кај родителите може да предизвика несигурност кај адолесцентите и нивната можност за стекнување на нови искуства ќе биде намалена. Најчесто адолесцентите ги забележуваат и најмалите грешки на своите родители, притоа не прифаќаат дека тие секојдневно прават уште поголеми.

Што се однесува за разликите во перцепцијата на воспитниот стил фаворизирање помеѓу мајката на адолесцентот и самиот адолесцент, во ова истражување се доби дека таа разлика не е статистички значајна. Адолесцентите покрај што се против сите правила во домот може да се почуствуваат дека се помалку посакувани во семејството, бидејќи постојаните родителски правила најчесто се упатени на нивните грешки или инструкции како полесно да се вклучат во животот на возрасните.

Разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови на таткото и социјалната перцепцијата на воспитните стилови од страна на адолесцентите

Како воспитувач во семејството, таткото најмногу се интересира за школскиот успех на адолесцентот и идното образование. Многу поретко од мајката се доведува во ситуација да им дели совети на адолесцентите и таа улога повеќе како да и припаѓа на мајката (Тодоровић, 2005). Поради тоа адолесцентите многу поретко доаѓаат во судир со нивните татковци. И добиените резултати покажуваат дека не постојат статистички значајни разлики во перцепцијата на воспитните стилови на адолесцентите и нивните татковци.

Не постои статистички значајна разлика помеѓу автоперцепцијата на таткото исоцијалната перцепцијата на адолесцентот во однос на воспитнот стил отфрлање. Кај адолесцентите чии родители го користат воспитниот стил отфрлање се јавува чувство на несигурност, пониска самодоверба и пониско ниво на креативност. Поддршката и советите од родителите може погрешно да бидат протолкувани во друштвото и затоа адолесцентот гледа да се оттргне од родителското влијание.

Во однос на воспитниот стил претерана заштита не постои статистички значајна разлика помеѓу автоперцепцијата на таткото и социјалната перцепцијата на адолесцентот. Во овој случај или адолесцентот и таткото исто го перцепираат воспитниот стил претерана заштита, или адолесцентот перцепира дека овој воспитен стил не го користи неговиот татко во воспитувањето. Ако се користи овој воспитен стил се намалува можноста за иницијатива и дејствување на адолесцентот, затоа кај адолесцентот може да се јави незадоволство.

Статистички значајна разлика не постои ни во автоперцепцијата на такото и социјалната перцепцијата на адолесцентот во однос на воспитниот стил емоционална топлина и прифаќање. Таткото пред се е советувач за школскиот успех на адолесцентот и идното образование и тука и адолесцентот и таткото имаат релативно исти цели, затоа е можно повеќе да се сложуваат меѓусебно. Најверојатно воспитувањето за социјалниот живот на адолесцентот е оставен на мајката, поради тоа адолесцентите доаѓаат во судир со неа.

Не постои статистички значајна разлика помеѓу автоперцепцијата на таткото и социјалната перцепцијата на адолесцентот за воспитниот стил недоследност. Недоследноста во односот со адолесцентите може да предизвика неможност за создавање на било какви емотивни врски и може да бидат непријателски настроени кон својата околина. Меѓутоа родителот може да употребува родителски стилови кои од страна на адолесцентот може да бидат погрешно протолкувани. Поради тоа треба да се води искрен разговор помеѓу адолесцентот и родителите кој во себе не вклучува само зацврстување на поставените правила, туку формирање на заеднички договори.

Исто така не постои статистички значајна разлика во автоперцепцијата и социјалната перцепцијата на воспитниот стил фаворизирање од страна на таткото и адолесцентот. Доколку адолесцентот почувствува дека постојано е критикуван, дека е дежурен виновник за сите грешки, без притоа да се увидат и другите аспекти на некоја ситуација може да предизвика незадоволство кај адолесцентот и тој може да почувствува дека неговите браќа (сестри) се повеќе фаворизирани во семејството. И тој адолесцент ќе бара врсници кои ќе го прифатат и ќе се обидува да ги отфрли родителските правила.

## 13.1 Разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови помеѓу родителите на адолесцентот

Луѓето се разликуваат во однос на перцепцијата на светот и случувањата околу себе. Нема двајца луѓе што на едно исто случување може да ги забележат истите детали. Разликата во перцепцијата се должи на објективни, но и на многубројни субјективни фактори. Така и перцепцијата на воспитните стилови помеѓу родителите на истиот адолесцент не се исти. Но и односот на родителите кон своите деца може да биде различен. Во ова истражување, се тестираше разликата во автоперцепцијата на воспитните стилови помеѓу родителите се добија следните резултати:

Постои статистички значајна разлика во автоперцепцијата на воспитниот стил отфрлање кај мајката и таткото на адолесцентот. Постапките кои ги вклучува овој воспитен стил најверојатно се различни за двајцата родители. Можеби поради тоа

адолесцентите имаат иста перцепција на овој воспитниот стил со таткото а различна од перцепцијата на мајката.

Во однос на автоперцепцијата на воспитниот стил претерана заштита не постои статистички значајна разлика меѓу мајката и таткото на адолесцентот. Загриженоста, попустливоста и размазеноста се постапки на родителите кои го користат овој воспитен стил. Автоерцепцијата на родителите околу овој воспитен стил нема разлика.

Кај воспитниот стил емоционална топлина и прифаќање постои статистичка значајна разлика во автоперцепцијата на мајката и таткото. Добиената разлика е значајна на ниво 0.05. Ова е во согласност со поставената хипотеза. Соработката на родителите со детето, развива доверба на релација родител-дете. Децата во такви ситуации се чувствуваат слободни да побараат совет и помош од родителите, задоволни се со своите резултати и имаат оформено одреден капацитет на доверба и соработка. Во нашиот случај, постапките кои се вклучени во овој воспитен стил се различни за мајката и таткото на адолесцентот.

Не постои статистички значајна разлика во автоперцепцијата на воспитниот стил недоследност кај мајката и таткото. Хипотезата со која се тврдеше дека постои разлика во автоперцепцијата помеѓу мајката и таткото во однос на воспитниот стил недоследност се отфрла како неточна и се прифаќа нултата хипотеза. Родителите на адолесцентот според добиените резултати, не ги користат постапките на овој начин на воспитување или сакаат своето родителство да го покажат во подобро светло.

И последната субхипотеза со која се тврди дека постои статистички значајна разлика во автоперцепцијата на воспитниот стил фаворизирањесе отфрла како неточна. Се прифаќа нултата хипотеза со која се тврди дека не постојат разлики во автоперцепцијата на воспитниот стил фаворизирање од страна на мајката и таткото на адолесцентот. Постапките на советување и поставување правила од целото семејство може да му помогне на адолесцентот да го помине полесно периодот на адолесценција и да се вклучи во светот на возрасните. Разликите во перцепцијата се должат на низа субјективни и објективни фактори, затоа низ разговор со своите деца може тие разлики да се намалат. Критикување на постапките а не на личноста на адолесцентот може да помогне во создавање на личност која ќе може успешно да ги извршува животните обврски.

## 14. РЕЗИМЕ

Целта на ова истражување е да се утврди дали постои разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови на родителите и социјалната перцепцијата на воспитните стилови на адолесцентите.

За таа намена е користен пригоден примерок од 195 испитаници, 65 адолесценти (38 женски и 27 машки испитаници) и 130 родители на адолесцентите (65 мајки, 65 татковци на адолесцентите).

За мерење на воспитните стилови на родителите од страна на адолесцентите е користен прашалникот ЕМБУ, кој се состои од пет субскали: отфрлање, претерана заштита, емоционална топлина, недоследност и фаворизирање.

За мерење на воспитните стилови на родителите (автоперцепција на воспитните стилови) е користена изменета верзија на ЕМБУ која е прилагодена за родители. И таа ги содржи истите субскали: отфрлање, претерана заштита, емоционална топлина, недоследност и фаворизирање.

За пресметување на резултатите се користени: аритметички средини, стандардни отстапувања и тестирање на разлики меѓу аритметички средини (т-тест).

**Од добиените резултати може да се изведат следните заклучоци:**

1. Постои разлика во автоперцепцијата на мајката и социјалната перцепцијата на адолесцентот кај воспитните стилови отфрлање и емоционална топлина, додека нема статистички значајна разлика кај воспитните стилови: претерана заштита, недоследност и фаворизирање.

2. Не постои статистички значајна разлика помеѓу автоперцепцијата и социјалната перцепцијата на воспитните стилови: отфрлање, претерана заштита, емоционална топлина, недоследност и фаворизирање кај таткото и адолесцентот.

3. Постои разлика во автоперцепцијата на воспитните стилови отфрлање и емоционална топлина помеѓу мајката таткото на адолесцентот, додека за другите воспитни стилови (претерана заштита, недоследност и фаворизирање) не постои статистички значајна разлика.

**Недостатоци на истражувањето и препораки за следните истражувачи**

Ова истражување е спроведено на пригоден примерок испитаници, студенти од Филозофски факултет и нивните родители, и истите податоци се однесуваат само за нив и немаат можност за генерализација бидејќи за истражувањето не е формиран случаен примерок на испитаници. Добиените податоци се однесуваат само за групата која беше вклучена во истражувањето.

Истражувањето треба да се повтори од страна на повеќе истражувачи за да се отфрли можноста за влијание на субјективни фактори во процесот на истражување.

Во истражувањето беше користен прашалникот ЕМБУ кој не е стандардизиран за македонска популација и поради тоа може да има влијание на добиените податоци.

Верзијата на ЕМБУ која беше прилагодена за родители не е стандардизирана за македонска популација и истата беше добиена со преформулирана од ЕМБУ и првпат се употребува за ова истражување.

## Користена литература


Орхидеја Шурбановска ( 2013 ) *Родителите и однесувањето на детето во училиштето*. Скопје

Олга Мурџева-Шкариќ ( 2011 ) *Психологија на детството и на адолесценцијата*. Скопје

Сузана Борнарова ( 2012 ) *Социјална работа со семејството*. Скопје

Нада Поп-Јорданова ( 2011 ) *Дете, школа и родители*. Скопје

Вера Николиќ ( 2012 ) *Прирачник: Социјални вештини и одговорности на наставници и стучни работници во училиштето*. Скопје

Miloslajevic B ( 1986 ) *Socijalna patologija 1 Izdanje*. Sarajevo: OOUR Zavod za udzbenike i nastavna sredstva

Невена Петровска ( 2018 ) *Фер родител, фер дете [Електронски извор] : прирачник за позитивно родителство* / [Невена Петровска, Снежана Пајовиќ-Мишевска, Тања Богатинова]. - Скопје : Канцеларија на УНИЦЕФ

Тања Камчева ( 2011 ) *Поврзаноста на нарушувањето во однесувањето на децата и условите за живот во семејството*. [Online] Достапно на: https://eprints.ugd.edu.mk/529/1/Tanja_Kamcena.pdf [ Последен преглед на : 10.12.2019 ]

Тина Даковска ( 2014 ) *Стабилноста во семејството-важен фактор за психичкиот развој кај децата*. [Online] Достапно на: http://www.promedika.com.mk/mk-mk/Medical/Page/1591 [ Последен преглед на: 30.12.2019 ]

Слаѓана Анѓелкоска *Семејството - јадро на психички здраво дете*. [Online] Достапно на : https://tvoebebe.com/SEMEJSTVO/jadro-na-psihicki-zdravo-dete [Последен преглед на: 16.10.2019]

David Hosier ( 2015 ) *Dysfunctional families: Types and effects*. [Online] Достапно на: https://childhoodtraumarecovery.com/dysfunctional-families/dysfunctional-families-types-and-effects/ [Последен преглед на: 09.12.2019 ]

*Dysfunctional Family: What It Is And What It's Like To Grow Up In One*. [Online] Достапно на: https://www.betterhelp.com/advice/family/dysfunctional-family-what-it-is-and-what-its-like-to-grow-up-in-one/ [Последен преглед на: 07.12.2019]

Мирјана Велева ( 2013 ) *Влијание на семејството во воспитувањето на децата*. [Online] Достапно на: http://www.ringeraja.mk/statija/vlijanie-na-semejstvoto-vo-vospituvanjeto-na-decata_2872.html [Последен преглед на:10.07.2019]

*Healthy relationships and families*. [Online] Достапно на: https://www.kidsmatter.edu.au/sites/default/files/public/KMECC3-201208-Healthy%20family%20relationships.pdf [Последен преглед на: 10.07.2018]

Улогата на таткото во животот на детето. [Online] Достапно на: https://tvoebebe.com/VOSPITUVANJE/vaznosta-na-ulogata-na-tatkoto-za-deteto [Последен преглед на: 24.12.2019]

*Среќни мајки, среќни деца*. [Online] Достапно на: https://tvoebebe.com/srekni-majki-srekni-deca [Последен преглед на: 24.10.2019]

( 2017 ) *Детето е огледало на своето семејство*. УНИЦЕФ [Online] Достапно на: https://zenskimagazin.mk/%D0%B4%D0%B5%D1%82%D0%B5%D1%82%D0%BE-%D0%B5-%D0%BE%D0%B3%D0%BB%D0%B5%D0%B4%D0%B0%D0%BB%D0%BE-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D1%98%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BE/single-post-quote.html# [Последен преглед на: 09.11.2019]

Ajdukovik, M. ( 1996 ). *Social skills self-report guestionneire for students, Evaluation report, School Based healt and Peace Iniziative*, Zagreb: Unicef and Care

Aronson, E., Wilson, T.D., Akert, R.M. ( 2002 ). Social psychology. *NJ: Prentice Hall, Upper Saddle River*

Asher, S.R., Humel, Sh. Renshaw, P.D. ( 1984 ). Loneliness in Children, Child Development

Asher, S.R., Parker, J.G. ( 1989 ). *Significance of Peer Relationship Problems in Childhood, vo Schneider, B.H. Nadel, A.J. Weissberg, R.P: Social Competence in Developmental Perspective, kluwer Academic Publishers*

Billi, V. ( 1999 ). *Agresivnost mladi I mogucnost pomoci obnoven zivot.*

Boyd, A. G. ( 1992 ). When You Grow Up In Dysfunctional FamilyMudrashram Institute of Spiritual Studies

Dacey, J. & Kenny, M. (1994). *Adolescent development. Brown & Benchmark Publishers, Dubuque*

Dekovic, M. ( 1991 ). *The Role of Parents in the development of Child's Peer Acceptance*, *cip-gegevents koninklijke bibliotheek*, Den Haag

Dekovic, M. Janssens, J. ( 1992 ). *Parents Child-Rearing Style and Child's SociometricStatus, Developmental Psychology*

Delibasic, R. ( 1993 ). *Porodica u ostvarenju vaspitne funkcije. Institut za socijalnu politiku,* Bepgrad

Graham, S. Hoehn, S. ( 1995 ). *Childrens Understanding of Agression and withdrawal as Social Stigmas-An Attributional Analysis, Child Development*

Hartup, W.W., Lieshout, C. ( 1995 ). *Personality Development in Social Context, Annual Review Psychology*

Ilić, M. ( 2010 ). Stilovi porodicnog vaspitanja, Норма Часопис за теорију ипраксу васпитања и образовања 3/2008 Универзитет у Новом Саду, Педагошки факултет Сомбор

Jankovic J. (2008) Obitelj u fokusu, Zagreb

Klajn, M. ( 1991 ). *Uspeshan roditelj. Narodna biblioteka,* Srbija, Beograd

Koler-Trbovič, N. ( 2004 ), Poremecaj u ponasanju dece i mladih, Zagreb

Lansky, L.M., Crandall, V.J., Kagan, J. & Baker, C.T. ( 1961 ). Sex differences in aggression and its correlates in middle-class adolescents. *Child Development*

Maccoby, E.E. & Jacklin, C.N. ( 1980 ). Sex differences in aggression: A rejoinder and reprise. *Child Development*

McAdams, C. R. III & Foster, A. V. ( 2007 ). Dysfunctional Family Structures

Milanovic, A. ( 2004 ).*Povezanost razlicitih vrsta agresivnosti I sociometriskog statusa koddjece osnovnoskolske dobi*. Diplomska rabota, Filozofski fakultet, Zagreb

Milosavljević, B. ( 2001 ). Uvod u socijalnoj psihologiju. Banja Luka: Univerzitet u Bnajoj Luci, Filozofski fakultet

Rot, N. ( 1994 ) *Osnovi socijalne psihologie.* Beograd: Zavod za ucebnici i nastavni sredstva

Stefanovic-Stanoevic, T. ( 2006 ). *Partnerska afektivna vezanost I vaspitni stilovi,* Nis: Filozofski fakultet

Todorovic, J. ( 2005 ). *Vaspitni stilovi roditelja I samopostovanje adolescenata*, Nis: Filozofski fakultet

*Vasta, R., Haith, M. M. & Miller, A. ( 1998 ). Dječja psihologija. Jastrebarsko: Naklada Slap*

YounissJ., and Smollar, J., ( 1985 ). Adolescent Relationships with Mothers,Fathers and Friends, University of Chicago Press, Chicago

Zuzul, M. ( 1989 ). *Agresivno ponasanje-Psihologiska analiza Radna zajednica republickekonferencije sa veza socijalisticke omladine*, Hrvatske, Zagreb

Копровски, Љ. Петровски, Б. ( 1985 ). *Педагогија*, Филозофски факултет, Скопје

Котева-Мојсовска,Т. ( 2006 ). *Семејното воспитание и социјалнотооднесување на децата*, Скопје

Лазороски, Ј. ( 1997 ). *Агресивно и просоцијално однесување,* Скопје и Мелбурн: матица Македонија

Мурџева-Шкариќ, О. ( 2002 *). Психологија на радом*. Скопје СОЖМ, Женски центар на Р.М.

Мурџева-Шкариќ, О. ( 2004 ). *Развојна психологија*. Скопје: Филозофски факултет

Мурџева-Шкариќ, О. ( 2009 ). *Психологија на детството и на адолесценцијата, Скопје:* Философски факултет

Петреска-Бешка, В. ( 1996 ). *Како се пишува извештај за спроведено емпирискоистражување*. Скопје: Малинска

Поповски, М. ( 2005 ). *Просоцијално однесување*. Скопје: Филозофски факултет

Стаменкова-Трајкова, В. ( 1995 ). *Психологија*, Скопје

**Интернет адреси:**

- http://www.psihologijans.org/godisnjak 2004.pdf
- http://www.psihologijans. org/godisnjak 2005-6.pdf
- http://www.kidscount.com.au/macedonian/chapter08.asp
- http://www.kidscount.com.au/macedonian/chapter25.asp
- http://www.kidscount.com.au/macedonian/chapter09.asp
- http://www.kidscount.com.au/macedonian/chapter13.asp

- http://www.fb.uklo.edu.mk/aktivnost%20Dragana/agresija%20psihopatologia.pdf
- www.preventus.mk
- www.365.com.mk
- http://www.ncbi.nim.gov/pumbed/10611781
- http://www.psihologijans. org/godisnjak 2005-6.pdf
- http://www.psihologijans.org/godisnjak 2004.pdf
- http://theparentszone.com
- http://www.psiha.com/


**ПРИЛОГ 1.**

***Овај прашалник ги испитува воспитните стилови во семејството.***

*Овој прашалник ги испитува воспитните стилови во семејството. Кога ќе кажеме* ***семејство*** *мислиме на Вашите родители или старатели, т.е. луѓето кои Ве подигнале и воспитале. Ваша задача е да процените колку секое тврдење се однесува на Вашите мајка и татко. Ставете го знакот „X„ под оној одговор кој е најсоодветен за Вашата мајка, а знакот „Y„ под одговорот најсоодветен за Вашиот татко. Доколку по Ваша проценка родителите постапуваат на ист начин, означете истовремено и со „X„ и „Y„. Обидете се да одговарате искрено.*

*ВИ БЛАГОДАРАМ НА СОРАБОТКАТА.*

| ТВРДЕЊА | Мајка | | | | Татко | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *не, никогаш* | *да, но ретко* | *да, често* | *да, речисисекогаш* | *не, никогаш* | *да, но ретко* | *да, често* | *да, речисисекогаш* |
| 1а. Ми беше тешко да им угодам на моите родители, мајка ми од мене очекуваше едно, а татко ми друго. | | | | | | | | |
| 2а. Моите родители меѓу себе имаа несогласувања околу тоа што ми е дозволено, а што не ми е. | | | | | | | | |
| 3а. Се случувало моите родители да не го исполнат ветувањето што ми го дале. | | | | | | | | |
| 4а. Имав чувство дека моите родители всушност не знаат што сакаат од мене. | | | | | | | | |
| 5а. Се случувало да не знам како моите родители ќе реагираат на тоа што сум го направил/а. | | | | | | | | |
| 6а. Се случувало моите родители да имаат свои проблеми (на работа, дома и сл.) и затоа да бидат лути и нерасположени кон мене. | | | | | | | | |
| 7а. Кога родителите беа добро расположени ми дозволуваа работи кои вообичаено не смеев да ги правам. | | | | | | | | |

| ТВРДЕЊА | Мајка | | | | Татко | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *не, никогаш* | *да, но ретко* | *да, често* | *да, речиси секогаш* | *не, никогаш* | *да, но ретко* | *да, често* | *да, речиси секогаш* |
| 1. Мислам дека родителите ми се мешаа во сѐ што правам. | | | | | | | | |
| 2. Моите родители со зборови и дела<br><br>покажуваа дека ме сакаат. | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Родителите ме разгалија повеќе во споредба со моите браќа и сестри. | | | | | | | | |
| 4. Моите родители подолго време одбиваа да зборуваат со мене кога ќе направев нешто што не треба. | | | | | | | | |
| 5. Родителите ме казнуваа и за ситници. | | | | | | | | |
| 6. Родителите се обидуваа да влијаат врз мене за да станам некој многу важен човек. | | | | | | | | |
| 7. Мислам дека барем едниот од моите родители сакаше да бидам поинаков/ва. | | | | | | | | |
| 8. Родителите ми овозможуваа работи кои на моите браќа и сестри не им ги овозможувале. | | | | | | | | |
| 9. Кога ќе направев некоја глупост сè се средуваше доколку ги замолев родителите за прошка. | | | | | | | | |
| 10. Родителите сакаа да одлучуваат што треба да облечам и како да изгледам. | | | | | | | | |
| 11. Имам чувство дека моите родители повеќе ги сакаа моите браќа и сестри. | | | | | | | | |
| 12. Моите родители кон мене се однесуваа неправедно (лошо) во споредба со моите браќа и сестри. | | | | | | | | |
| 13. Се случувало родителите нешто да ми забранат од страв дека нешто лошо може да ми се случи, а истото тоа да им го дозволат на моите браќа и сестри. | | | | | | | | |
| 14. Се случувало да ме тепаат како дете и да ме понижуваат во присуство на други луѓе. | | | | | | | | |
| 15. Моите родители водеа грижа за тоа што правам јас навечер. | | | | | | | | |
| 16. Кога нешто лошо ќе ми тргнеше, чувствував дека родителите се обидуваат да ме смират и охрабрат. | | | | | | | | |
| 17. Родителите физички ме казнуваа повеќе отколку што било потребно. | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. Родителите ми се лутеа доколку не помагав дома како што ми било кажано. | | | | | | | | |
| 19. Моите родители беа тажни или на друг начин се обидуваа да ми покажат дека лошо сум се однесувал/а, така што имав чувство на вина. | | | | | | | | |
| 20. Чувствував дека е тешко да се доближам до моите родители. | | | | | | | | |
| 21Се случуваше моите родители да им раскажуваат на другите што сум рекол/рекла,направил/ла така што се чувствував застрамен/а. | | | | | | | | |
| 22. Чувствував дека родителите ме сакаат повеќе од моите браќа и сестри. | | | | | | | | |
| 23. Моите родители покажуваа желба да имам добри оценки. | | | | | | | | |
| 24. Ја чувствував поддршката од моите родители кога наидував на некоја потешкотија. | | | | | | | | |
| 25. Бев „црна овца„ или „жртвено јагне‟ во семејството. | | | | | | | | |
| 26. Се случуваше моите родители да сакаат да бидам како некој друг. | | | | | | | | |
| 27. Моите родители ги критикуваа моите пријатели со кои често се гледав. | | | | | | | | |
| 28. Имав чувство дека моите родители ме сметаат за виновен/на за нивната несреќа. | | | | | | | | |
| 29. Моите родители се обидуваа да ме форсираат да бидам најдобар/ра. | | | | | | | | |
| 30. Родителите покажуваа дека ме сакаат. | | | | | | | | |
| 31. Мислам дека родителите го почитуваа<br><br>моето мислење. | | | | | | | | |
| 31. Мислам дека родителите го почитуваа<br><br>моето мислење. | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 32. Чувствував дека моите родители со задоволство го минуваат времето со мене. | | | | | | | | |
| 33. Мислам дека моите родители беа зли и ладни кон мене. | | | | | | | | |
| 34. Моите родители знаат да кажат „Ако го направиш тоа ќе ни биде многу жал„. | | | | | | | | |
| 35. Кога ќе се вратев дома морав да кажам каде сум бил/а и што сум правел/а. | | | | | | | | |
| 36. Мислам дека моите родители се трудеа да имам интересен живот и да научам што е можно повеќе (на пр. ми купувале книги, ме праќале на летување). | | | | | | | | |
| 37. Родителите ме фалеа. | | | | | | | | |
| 38. Се случувало да имам грижа на совест затоа што не се однесувам онака како што моите родители би сакале. | | | | | | | | |
| 39. Мислам дека родителите ми поставуваа високи барања за училишен успех и спортски резултати. | | | | | | | | |
| 40. Сум можел/а да побарам утеха од родителите кога сум била тажен/на. | | | | | | | | |
| 41. Се случувало родителите да ме казнуваат иако ништо не сум направил/а. | | | | | | | | |
| 42. Родителите ми дозволуваа работи што им беа дозволени и на моите пријатели. | | | | | | | | |
| 43. Родителите ми зборуваа дека не го одобруваат моето однесување дома. | | | | | | | | |
| 44. Родителите ме критикуваа и ми зборуваа дека сум мрзелив/а и некорисен/а во присуство на други луѓе. | | | | | | | | |
| 45. Кога нешто ќе се случеше, од сите браќа и сестри родителите ме обвиниуваа мене. | | | | | | | | |
| 46. Родителите беа груби кон мене. | | | | | | | | |
| 47. Родителите многу ме казнуваа, дури и за ситници. | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 48. Се случувало родителите да ме тепаат без причина. | | | | | | | | |
| 49. Ми се случувало да посакам моите родители помалку да се грижат за тоа што го правам. | | | | | | | | |
| 50. Моите родители се вклучуваа во моите интереси и хобиа. | | | | | | | | |
| 51. Родителите ме тепаа. | | | | | | | | |
| 52. Ми беше дозволено да одам каде што сакам а моите родители многу да не се грижат за тоа каде сум. | | | | | | | | |
| 53. Моите родители поставуваа јасни граници што смеам а што не смеам да правам и строго се придржуваа до нив. | | | | | | | | |
| 54. Однесувањето на моите родители кон мене ми предизвукуваше срам. | | | | | | | | |
| 54. Однесувањето на моите родители кон мене ми предизвукуваше срам. | | | | | | | | |
| 55. Моите родителите на моите браќа и сестри им дозволуваа работи што мене не ми ги дозволувале. | | | | | | | | |
| 56. Мислам дека грижата на моите родители дека може да ми се случи нешто беше претерана. | | | | | | | | |
| 57. Мислам дека во моите односи со родителите владееше топлина и нежност. | | | | | | | | |
| 58. Моите родители ме почитуваа затоа што имам поинакви ставови од нивните. | | | | | | | | |
| 59. Се случувало моите родители да бидат нерасположени кон мене, а да не ми кажат зошто. | | | | | | | | |
| 60. Ми се случувало моите родители да ме испратат на спиење без вечера. | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| 61. Чувствував дека моите родители се горди на мојот успех. | | | | | | | | |
| 62. Бев омилено дете на моите родители. | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 63. Моите родители ме бранеа обвинувајќи ги моите браќа и сестри и тогаш кога јас бев виновен/на. | | | | | | | | |
| 64. Родителите ме гушкаа и галеа. | | | | | | | | |